Виктор ЛИЛЧИЌ АДАМС & Антонио ЈАКИМОВСКИ

# УБИКАЦИЈА НА АНТИЧКИОТ ГРАД ПЕЛАГОНИЈА



Скопје
2025

# УБИКАЦИЈА НА АНТИЧКИОТ ГРАД ПЕЛАГОНИЈА

## (ГЛАВЕН ГРАД НА КРАЛСТВОТО ПЕЛАГОНИЈА И

## ЦЕНТАР НА ЧЕТВРТАТА МАКЕДОНСКА МЕРИДА)

# УБИКАЦИЈА НА АНТИЧКИОТ ГРАД ПЕЛАГОНИЈА

# (ГЛАВЕН ГРАД НА КРАЛСТВОТО ПЕЛАГОНИЈА И

# ЦЕНТАР НА ЧЕТВРТАТА МАКЕДОНСКА МЕРИДА)

***Издавач:***
Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје
Филозофски Факултет - Скопје

***Главен уредник:***

Виктор ЛИЛЧИЌ АДАМС

***Автори:***

Виктор ЛИЛЧИЌ АДАМС
Антонио ЈАКИМОВСКИ

***Рецензенти:***

Драги МИТРЕВСКИ
Марјан ЈОВАНОВ

***Техничко уредување:***

Антонио ЈАКИМОВСКИ

***Корица:***

Виктор ЛИЛЧИЌ АДАМС
Антонио СТОЈАНОВСКИ

***Лектура:***

Зорица МАНАСКОВА-СТАНКОВИЌ

***Скопје 2025***

**Виктор ЛИЛЧИЌ АДАМС & Антонио ЈАКИМОВСКИ**

# УБИКАЦИЈА НА АНТИЧКИОТ ГРАД ПЕЛАГОНИЈА (ГЛАВЕН ГРАД НА КРАЛСТВОТО ПЕЛАГОНИЈА И ЦЕНТАР НА ЧЕТВРТАТА МАКЕДОНСКА МЕРИДА)

***СКОПЈЕ 2025***

СОДРЖИНА:

**Вовед** ............9
**I. Градот Пелагонија во изворите** ...........11
**II. Хипотези за убикација на градот Пелагонија** ...........21
**III. Кандидати за убикација на градот Пелагонија** ...........23
1а. Град Модрак, Клиново1а. Град Модрак, Клиново ...........24
1б. Шкрбица, Свилевица, Клиново, населба отворен тип ...........26
1ц. Вишешница Кота 516.6 м, Клиново, рефугиј ...........26
2. Градишка Тумба, Гуѓаково, градче ............26
3. Градиште 1, Вепрчани, градче Рано Железно Време ............29
4. Градиште 2, Вепрчани, кастел стража ............32
5. Скокот, Вепрчани, населба отворен тип, античка епоха ............34
6. Градиште, Пештани ............36
7. Пештера-Манастир Свети Илија, Пештани, град Достонеи, Античка Епоха ............39
8. Градок, Манастир, Античка Епоха ............44
9. Богданова Нива, Чаниште ............48
10. Говедарник, Чаниште ............51
11. Убава Глава, Чаниште ............53
12. Црна Тумба, Манастир ............55
13. Висок Рид, Дуње, римски воен логор за контрола на Градот, Манастир ............57
14. Милошева Тумба, Дуње, Рано Железно Време ............59
15. Маркови Кули, Кален ............60
16. Град Чебрен, Зовиќ, Античка Епоха ............63
17. Кале, Рапеш, кастел стража ............69
**Селечка планина и нејзиното западно подножје** ............73
**Археолошкиот комплекс Висока & Старо Бонче** ............75
18. Висока – Ќаве – Цуцул, Крушевица, акропола на Пелагонија ............75
19. Старо Бонче, Бонче, долен град Пелагонија ............83
1. Старо Бонче ............86
2. Колкот ............97
**Фортификациски одбранбен систем околу Висока-Старо Бонче** ............98
20. Градиште Цветково, Бонче, кастел стража ............98
21. Веслец, Марул / Штавица / Бонче, кастел стража ............101
22. Градиште Младеница, Крушевица, кастел стража ............104
23. Кале Бобиште, Мојно / Орле, кастел стража ............106
Утврдувања јужно од Комплексот Висока-Старо Бонче ............108
24. Еленик, Мојно, град ............108
25. Лилјак, Мојно / Орле ............110
26. Тврди Град, Црничани, градче ............112
27. Градиште, Мегленци, град ............114

28. Кула, Мегленци, утврдена населба ............117
29. Кале, Долно Ореово, град ............118
30. Кале, Ивени ............121
31. Чепен, Брод ............123
32. Градиште, Сливица, кастел стража ............126
33. Марково Кале – Стрели, Скочивир, кастел стража ............128
34. Градиште, Живојно, град ............130
Утврдувања северно од Комплексот Висока-Старо Бонче ............132
35. Палатица, Штавица, градче ............132
36. Градиште, Марул, градче ............133
37. Кале Комарчани, Ерековци / Канатларци, кастел стража ............136
38. Долиште, Прилепец, град ............139
39. Марков Ѕид, Прилепец, голема предисториска, антична и средновековна населба ............144
40. Кале Коњарник, Кокре / Прилепец ............148
41. Маркови Кули Варош, Керамие ............150
42. Варош, Варош, долниот град Керамие ............152
**IV. Заклучни разгледувања ............154**
**Македонија Четврта во поделбата од 167 година пред н.е. ............155**
Кратенки ............162
Библиографија ............163

# ПРЕДГОВОР

Долгиот развој на луѓето во Пелагонија, низ епохите на Неолитот, Енеолитот, Бронзата и Железото, како и контактите со цивилизираниот југ, предизвикале оформување на локалната цивилизација во Пелагонија од Архајскиот период и во раната Антика. Во I милениум пред новата ера, Пелагонците оформиле најмалку 10 градови. Некаде во првата половина од овој милениум, од југот навлегле македонските Линкести. Тие се рашириле на просторот на Леринско (Флорина) и Битолско, главно на десниот брег на Црна Река (Еригон). Нивниот пробив бил веројатно насилен, со напади на пелагонските населби, поради што Пелагонците се повлекле преку Црна Река. Според сеуште скромните сознанија, претежно од сеуште незадоволителните археолошки рекогносцирања, и секако археолошките ископувања, се наѕира идејата дека токму коритото на Црна Река постанало гранична линија меѓу Пелагонците и Линкестите.

Териториите на Пелагонците рано влегуваат во светлините на историските извори. За жал тие се особено скромни. За нас се интересни имињата на градовите во висорамнината, меѓу кои воглавно се споменуваат градовите Пелагонија, Стибера, граничната западна област Девриоп, главниот град на Линкестите, Линк.

Познато е дека Линк бил главен град на кралството Линкестида. Неговата точна локација сеуште не е позната. Беа предложени локалитетите: Висок Рид, село Кременица (Егри); и Градиште, село Црнобуки, каде што внимание привлекува и доминантната фортификација Јачмиште-Самовилец со акропола и неколку одбранбени ѕидови. Може да се каже дека потрагата по главниот град на горно македонските Линкести сеуште трае.

Главниот град на Пелагонците бил Пелагонија. Во науката беа предложени повеќе кандидати за неговата убикација. Историчарот Т. Томовски упатуваше на селото Букри. Археологот Т. Јанакиевски, на просторот меѓу селата Суводол и Црничани. И. Микулчиќ, на дури четири можни кандидати: Суводол, Мојно, Прилепец и Варош. В. Лилчиќ Адамс во еден момент упати на локалитетот Долиште, Прилепец, за подоцна, заедно со А. Јакимовски, се определат на локалитетите Висока и Старо Бонче, во атарите на селата Крушевица, Бонче и Подмол, каде што тие во продолжение на повеќе години истражуваа, документираа и публикуваа во повеќе наврати, остатоци од маркантен раноантички град со доминантна акропола, голем долни град, и особено голема раноантичка некропола на чиј што западен крај доминираат остатоците од една монументална раноантичка гробница на месноста Павла Чука, изградена во последната четвртина на 4 век пред н.е.

Ние со децении ја истражувавме целата територија на областа Пелагонија, како и регионот на Мариово низ кој тече реката Еригон / Црна Река, така што дојдовме до податоци за речиси сите антички утврдени агломерации.

Во овој труд претставуваме прелиминарна, но археолошки издржана слика, на античките градови и утврдувања на просторот западно и источно од Селечка Планина, како и во долината на Црна Река низ Мариово, со цел да се доближиме до местоположбата на античкиот град Пелагонија, кралски град, центар на истоименото кралство, но и центар на административната единица Македонија Четврта, оформена од страна на Рим, во 168 година пред н.е.

Согласно историските и епиграфските извори, градот Пелагонија, ја обавувал функцијата административен центар на Македонија Четврта до 148 година пред н.е., меѓутоа и потоа била ценет од страната на Рим имајќи предвид дека бил впишан во римската триба Мекија (Maecia), од која воделе потекло (origo) повеќе регрутирани момчиња во римските легии.

Конечно, сеуште не е откриен и епиграфски доказ за локацијата на градот на Висока и Старо Бонче. Меѓутоа, во овој труд ги претставуваме основните историски, епиграфски и археолошки податоци, кои засега со голема веројатност упатуваат на убикацијата на градот Пелагонија на археолошките локалитети: Висока (градска акропола), Старо Бонче (град) и градската некропола на месноста од Грамаѓе под Три Камна на исток до монументалната гробница на Павла Чука, на запад.

Авторите

# Убикација на градот Пелагонија

## Реката Еригон тече низ земјата на Илирите, Линкестите, Пелагонија, и оставајќи го градот на левата страна, се влива во Аксиј

**Str. VII frg. 20 (Epitome Vaticana), Str. VII frg. 22 (Epitome edita)**

## Вовед

Древните Пелагонци, во епохата на Железното време и антиката, ја населувале областа покрај левиот брег на реката Еригон (денес Црна Река), а тоа бил просторот во северниот дел на Пелагонската котлина и во областа Мариово (**Сл. 1**).




*Сл. 1 - Карта на античкото кралство Пелагонија*

Пелагонците во периодот од 7-4 век пред н.е. формирале околу десет локални градски центри, и тоа кај денешните села:

1) Брод (Чепен)[1]
2) Мегленци (Градиште)[2]
3) Бонче – Крушевица – Подмол (Висока[3] и Старо Бонче)[4]
4) Штавица (Градиште)[5]
5) Прилепец (Долишта)[6]
6) Варош (Маркови Кули[7] – село Варош[8], град Керамија)
7) Горно Село / Дупјачани (Мал Сурун / Орлов Камен)[9]
8) Бело Поле (Марков Чардак)
9) Норово (Кале)[10]
10) Пештани (Манастир Св. Илија – град Достонеи)[11]
11) Чепигово (Бедем град Стибера).[12]

Градовите имале свои владетелски семејства, меѓутоа, гледано низ призмата на моќноста на недвижните и движните археолошките наоди, над сите нив се издигнало семејството од градот Пелагонија и ја наметнало својата кралска власт врз античките Пелагонци и кралството Пелагонија.

Потрагата по локацијата на овој град трае најмалку 185 години, и со оглед на тоа дека сеуште не е откриен клучен крунски доказ, претпоставуваме ќе трае се до неговото откривање. Да ги разгледаме по ред пишуваните извори, досегашните хипотези за убикацијата на градот Пелагонија, и сите фортифицирани целини на просторот на левиот брег на реката Еригон / Црна Река во Мариово и на просторот долж западното подножје на Селечка Планина, во надеж дека ново претставената пред се археолошка слика, а во контекст со пишуваните извори, може да ги стесни напорите за откривање на античкиот град Пелагонија.

[1] Кота E 7.549.029 m / N 4.535.624 m.
[2] Кота E 7.544.672 m / N 4.548.192 m.
[3] Кота E 7.552.129 m / N 4.562.885 m.
[4] Кота E 7.550.693 m / N 4.563.525 m.
[5] Кота E 7.547.675 m / N 4.568.749 m.
[6] Кота E 7.548.404 m / N 4.572.953 m.
[7] Кота E 7.545.583 m / N 4.579.943 m.
[8] Кота E 7.544.938 m / N 4.579.488 m. Мерено на црквата Св. Димитрија во Варош.
[9] Кота E 7.544.950 m / N 4.588.030 m.
[10] Кота E 7.533.927 m / N 4.584.702 m.
[11] Кота E 7.555.945 m / N 4.570.383 m.
[12] Кота E 7.533.850 m / N 4.451.515 m. Мерено во храмот на Тихе.

# I. Градот Пелагонија во изворите

Постојат седум основни извори, во кои директно или индиректно се посведочува егзистенција на градот и областа Пелагонија.

Да ги разгледаме накусо овие основни епиграфски, нумизматички и пишувани факти што сведочат за постоењето на древната античка пелагонска кралска престолнина.

## 1. Натписот од Атина со името на П (избришани 6 букви), на Пелагонците кралот

Од натписот на една камена плоча, што сега се чува во Епиграфскиот Музеј во Атина, дознаваме дека градот Атина, во 365/4 година пред н.е. (368/7 год. или 372/70 год.) на кралот на Пелагонците со името П (избришани 6 букви), му ги доделил титулите почесен граѓанин на Атина (проксен) и доброчинител (евергет).[13]

**Μ]ένης | [ἐπεστάτει ’Αρκε]τὸ[ς εἶπ]ε · Π|[ . . .6 . . . τὸν Πε]λαγόνων βα|[σιλέα ἀναγρ]άψαι πρόξε|[νον καὶ εὐεργ]έτην ’Αθηναί|[ων αὑτὸν καὶ τ]ὸς ἐκ (или ἐγ) γόνος.**[14]

Натписот според J. Кирхнер е датиран во 353/2 година пред н.е. В. Фергусон го прецизира датирањето во 365/4 година пред н.е.[15]

Ф. Папазоглу предлага надополнување на целото име на кралот како Патрај на Пелагонците кралот (Π|[ατράον τὸν Πε]λαγόνων βα|[σιλέα]).[16]

---

[13] За податоците од литературата срдечна благодарност на професор д-р Маријана Рицл од Универзитетот во Белград. Епиграфски Музеј (EM 7019). Ed. *IG* II² 190 = E.C. Gastaldi, Atene onora il re dei Pelagoni (*IG* II² 190), ZPE 131, 2000, pp. 69-79 = SEG 50, 138. Гасталди ја чита првата буква на името на кралот како *gamma*, и го датира овој текст – декрет во 368/7 г пред н.е. D. M. Lewis, Notes on Attic Inscriptions, ABSA 49, 1954, pp. 38-39 сугерира датирање од 371/70 година пред н.е. Додека W. S. Ferguson (The Introduction of the Secretary-Cycle, *Klio* 14, 1914-15, p. 393) предлага натписот да се датира во 365/4 година пред н.е.

[14] Според Papazoglou F., 1988, 276, 278, fn. 117/2.

[15] Цитирано според Papazoglou F., 1988, 276, 278, ф.н. 117/2.

[16] Papazoglou F., 1988, 276-278 + SEG 38, 56, 11. 6-8).

[- - - - - - - - ὶϲ] ἐπ-
[ρυτάνευε, . . .⁵. . ἦρχε]ν, Φρ-
[ύνων ἐγραμμάτευε, Μ]ένης
[ἐπεστάτε, Ἄρκε]το[ς] εἶ[π]ε· Π-
[. . . .⁶. . . τὸν Πε]λαγόνων βα-
[σιλέα ἀναγρ]άψαι πρόξεν-
[ον καὶ εὐεργ]έτην Ἀθηναί-
[ων αὐτὸν καὶ τ]ὸς ἐκγόνος.

*Сл. 2 - Кралот на Пелагонците П . . . . . . , натпис на плоча од Атина*

### 2. Натписот од Атина со името на Менелај Пелагонецот

На натписот на друга камена плоча што се чува исто како и претходниот натпис, во Епиграфскиот Музеј во Атина, дознаваме дека извесниот Менелај Пелагонецот, од градот Атина добил титула евергет (доброчинител).[17]

**Μενέλαος Πελαγὼν εὐεργέτης | ἐπειδὴ Τιμόθεος ὁ στρατηγὸς ἀποφαίνει Μενέλαον τὸν Πελαγόνα καὶ αὐτὸν συνπολεμοῦντα καὶ χρήματα παρέχοντα εἰς τὸν πόλεμον τὸν πρὸς Χαλκιδέας καὶ πρὸς ’Αμφίπολιν ... | ἐπειδὴ δὲ καὶ οἱ πρόγονοι οἱ Μενελάου εὐεργέται ἦσαν τοῦ δήμου τοῦ ’Αθηναίων ...**

Натписот е датиран во 362 година пред н.е.[18]

[17] *IG* II$^{2}$ 110 (=Syl.$^{3}$ 174).
[18] Според Papazoglou F., 1988, 278, f.n. 117/3.



*Сл. 3 - Менелај Пелагонецот, натпис на плоча од Атина*

### 3. Тит Ливиј, Пелагонија центар на Македонија Четврта

Како што е познато, Рим по победата на македонскиот крал Персеј, во 168 год. пред н.е., го поделил кралството на четири дела (мериди, од мерис-дел).

Во поглавјето 45. во историскиот текст на книга Ab Urbe condita, хроничарот Тит Ливиј забележал: четвртиот регион го населуваат Еордаите и Линкестите и Пелагонците, пределите Атинтаниа и Тимфаја и Елимиотија (... *quartam regionem Eordaei et Lyncestae et Pelagones incolunt, iuncta Atintania et Tymphaeis et*

*Elimiotis* ...).[19] Потоа: центри на регионите, каде што беа советите/управите заседаваа, беа: на првиот регион Амфипол, на вториот Тесалоника, на третиот Пела, на четвртиот Пелагониа (... *capita regionum, ubi concilia fierent, primae regionis Amphipolim, secundae Thessalonicen, tertiae Pellam, quartae Pelagoniam fecit*...).[20]




*Сл. 4 - Карта на поделбата на Македонија во четири мериди под Рим (сп. Ф. Папазоглу)*

## 4. Бронзени монети на меридата Македонија Четврта

Главниот град на Македонија четврта, под Римската власт, добил дозвола да кова бронзени монети. Познати се два типа монети.

1) Монета со претставите: Ѕевс со венец / суровицата на Херакле во дабов венец и легендата ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ | ΤΕΤΑΡΤΗΣ, монограмот ΜΕ споени. (**Сл. 5**).

[19] Liv. 45: 30. 6.
[20] Liv. 45: 29.9.



*Сл. 5 - Бронзена монета на градот Пелагонија од 168-148), Зевс / суровица во дабов венец.*

2) Монета со претставите: Атена со шлем во профил, / браќата Диоскури јаваат коњи паралелно нивните карактеристични капи - пилеи на главите и копја во рацете, легенда ΜΑΚΕΔΟΝΩΝ | ΤΕΤΑΡΤΗΣ.[21]

**5. Географот Страбон: градот Пелагонија на левиот брег на реката Еригон**

Географот Страбон, на едно место, опишувајќи го западниот брег на Термајскиот залив, ги споменува реките Еригон и Лудија запишал: дека *реката Еригон тече низ земјата на Илирите, Линкестите, Пелагонија, и оставајќи го градот* (очигледно станува збор за Пелагонија) *на левата страна, се влива во Аксиј* (Вардар).[22]

Притоа изгледа очигледно дека конотацијата *земјите на Илирите, Линкестите* не се однесува и на Пелагонија во смисол на земја / територија / кралството, туку на градот Пелагонија, оставајќи го на левата страна на реката Еригон, таа се влива во реката Аксиј.

**6. Младите Пелагонски регрути – римски војници**

Значајни епиграфски податоци даваат шест надгробни стели на римски војници кои потекнувале од градот Пелагонија кој во 1 и 2 век н.е. бил впишан во

[21] Види Gaebler H., 1935, 7, no. 42 (T. III.7), no. 43 (T. III. 8), Die antiken münzen von Makedonia und Paionia, Berlin 1935.
[22] Папазоглу Ф., 1954, 333, Str. VII frg. 20 (Epitome Vaticana) и Str. VII frg. 22 (Epitome едита); исто и: Папазоглу Ф., 1957, 204-205.

римската триба Мекија (Maecia). Потеклото (origo) на војниците чии што надгробни стели биле откриени во Мариово, Скупи, Рим, Салона, Аквинкум на Дунав, Ламбезис во Африка и Мајнц во Германија.[23]

Надгробни стели на младите Пелагонци кои служеле во римската војска

**1) Стела на Лукиј Корнелиј од Салона, датирана во 42 година н.е.**[24]

L. Cornelius L. f(ilius) Mae(cia triba) Pelagonia ve[t]. leg(ia) XI ...

Лукиј Корнелиј, син на Корнелиј, од трибата Мекија, градот Пелагонија, ветеран од легијата XI ...

**2) Стела на Кај Јулиј Бас, од 1 век н.е.**[25]

C(aius) Iulius Bassus C(ai) f(ilius) Maec(ia)
Pelago(nia) mi(sus) vete(ranus) ex leg(ione)
VIII *vac*, Aug(usta) mil(itavit) ann(is) XXV
vixit ann(is) LXXV her(edes) d( ) f(ecerunt)
C(aius) Iulius Caenalis et
C(aius) Iulius Olumpus et
C(aius) Iulius Expeditus et
C(aius) Iulius Felix *vacat*
ex t(estamento) a(d) m(onumentum) den(arios) LX?

Кај Јулиј Бас, син на Кај, од (градот) Пелагонија во трибата Мекија, ветеран од легијата VIII Августа, служеше војник 25 години, живееше 75 години, (стелата) ја подигнаа Кај Јулиј Каеналис, Кај Јулиј Олумпус и Кај Јулиј Експедитус и Кај Јулиј Феликс, со тестамент за споменикот од 60? денари (**Сл. 6**).

Стелата на Кај Јулиј Бас била откриена, според Теодор Момзен: in districtu Morihovo, in ripa Erigonis fluminis, non longe a stobis, Monastir versus, esse fertur (беше откриена во областа Мариово, не далеку од Стоби, во правецот на Битола).[26]

---

[23] Папазоглу Ф., 1954, 335, ф.н. 110.
[24] CIL III 2017, според: Папазоглу Ф., 1954, 335, ф.н. 110.
[25] CIL III 630, според: Папазоглу Ф., 1954, 335, ф.н. 110.
[26] Папазоглу Ф, 1957, 206, f.n. 33: ibid, 1988, 284, f.n. 34.



*Сл. 6 - Стелата на Кај Јулиј Бас од Мариово*



*Сл. 7 - Стелата на Марко Антониј од Скупи*

**3) Стела на Публиј Елиј од Аквинкум на Дунав, датирана по Домицијан.**[27]

P(ublius) Ael(ius) P(ublii) f(ilius), Maecia Mestrius Pela(gonia), opt(io) leg(ionis) II Adi(tricis)

Публиј Елиј, син на Публиј, (од трибата) Мекија (од родот) Местриус (од градот) Пелагонија, (служел војска како) оптио во легијата II Адиутрикс.

[27] CIL III 3350, според: Папазоглу Ф., 1954, 335, ф.н. 110.

**4) Стела на Кај Домитиј од Ламбезис во Африка, од времето на Хадријан**.[28]

C(aius) Domitius C(aii) f(ilius), Maec(ia) Pudens Pelag(onia) 7 leg(ia) III Aug(ustae)

Кај Домитиј син на Кај, (од трибата) Мекија од родот Пуденс (од градот) Пелагонија, од легијата III Августа ...

**5) Стела на Марко Елиј, преторијанец, отпуштен во 177 година н.е.**[29]

M(arcus) Aelius M(arci) f(ilius) M[a]ec(ia) Mestrianus Pel(agonia) ...

Марко Елиј, син на Марко, (од трибата) Мекија од родот Местрианус (од градот) Пелагонија.

**6) Стела на Марко(?) Антониј, син на Марко**.[30]

[Marcus An]tonius | M(arci) f(ilius) Maecia Pe|lagonia Marius | vet(eranus) coh(ortis) II praet(oriae) (centuria) Val(eri) Crispini tes(tamento) fiery iusssit | Symphorus lib(ertus) | f(aciendum) c(uravit). Hic) s(itus) e(st).

Тука лежи Марко Антониј, син на Марко (од трибата) Мекија (од градот) Пелагонија, (од генсот) Мариус. Ветеран на II преторијанска кохорта кентурија. Со тестаментот на Велерија Криспини, ослободениот роб Симфорус се погрижи да го направи (споменикот). **(Сл. 7).**

**7) Стела на Кај Титиј Местриј, од Мајнц, Германија, 71-92 г.н.е**.[31]

Кај Титиј Местриј, син на Гај, од трибата Мекија, од Пелагонија (во Македонија), војник на 14. легија Гемина Мартиа Виктрикс, 30 години стар, 12 години бил војник, лежи тука погребан. Наследниците се погрижија (споменикот) да се направи. **(Сл. 8).**

[28] CIL VIII 2865, според: Папазоглу Ф., 1954, 335, ф.н. 110
[29] CIL VI 2382, според: Папазоглу Ф., 1954, 335, ф.н. 110
[30] Dragojević-Josifovska B., 1982, 68, no. 33.
[31] Pfeffer W. Von, 1964, No. 17.



*Сл. 8 - Стелата на Кај Титиј Местриј од Мајнц*

## 7. Географот Птолемај: пелагонските (градови) Аударист, Стоби

Можеби, податокот на Птолемај од 2 век н.е., кој наведува: пелагонските Аударист, Стоби (Πελαγονον Αυδαριστος, Στοβοι),[32] би можел да значи редослед на три града (Пелагонија, Аударист, Стоби) на / близу реката Еригон, бидејќи помеѓу Аударист и Стоби нема сврзник (и). Освен тоа Аударист се наоѓал во Пајонија а не во Пелагонија.

[32] Папазоглу Ф., 1954, 338, ф.н. 118.

### 8. Зосим: пустошењето на градовите Добер и Пелагонија од Готите и Херулите во 268.

Хроничарот Зосим, споменувајќи го пробивот на Готите и Херулите од 268 година н.е. во Македонија, наведува дека тие ги опустошиле областите околу Добер (град) и Пелагонија (град).[33]

### 9. Хиерокле: градот Пелагонија во провинцијата Македонија Втора.

Географот Хиерокле во 6 век го наведува градот Пелагонија во провинцијата Македонија Втора, заедно со градовите: Стоби (наведен како Столои), Аргос (Арг кај село Водоврати), Еустраион (Астрајон, веројатно Цареви Кули Струмица), Баргала (Козјак), Келаинидион (Келенидин можеби Виничко Кале), Хармониа (можеби Калата, село Дулица), и Запара (можеби Голем Цапар кај село Крупиште).[34]

---

[33] Папазоглу Ф., 1954, 339, ф.н. 121.
[34] Според: Buckhardt A., Hieroclis Cynecdemus, Lipsiae 1893, 53: **https://books.google.mk/books?id=jSuhLA16KMC&pg=PA49&source=gbs_toc_r&cad=4#v=onepage&q&f=false**

## II. Хипотези за убикација на градот Пелагонија

Потрагата по местоположбата на античкиот град Пелагонија се одвивала воглавно во две фази. Првата фаза од 1835 – 1954 година, имала главно кабинетски карактер со теоретизирање на истражувачите: В. Лејк (1835-1841 год.). Л. Азе – А. Доме (1876 год.), А. Вејс – А. Вудворд (1911 год.), А. Керамопулос (1932 год.), Н. Вулиќ (1938 год.) и И. Венедиков (1943 год.).

Втората фаза започнува од Ф. Папазоглу (1954, 1957, 1988 год.), преку Т. Томовски (1967 год.), Т. Јанакиевски (1979-1997 год.), И. Микулчиќ (1999 год. год.), В. Лилчиќ – А. Јакимовски – Д. Кебакоски – Д. Темелкоски (2005-2021 год.).

Професор д-р Фанула Папазоглу, првенствено лингвист и историчар, посвети огромен труд на потрагата по древниот град Пелагонија. На прво место успеа да ја разграничи идентификацијата на градот Пелагонија со градот Хераклеја кај Битола.[35]

Професор д-р Томо Томовски, во 1967 година, предложил прилично неодредени локации. Раноантичкиот град Пелагонија кај селото Букри, а средновековниот град Пелагонија на локалитетот Градиште, село Сливица, на Еригон.[36] Единствениот локалитет близу раселеното село селото Букри (денес во атарот на село Егри), претставува една прилично отворена раноантичка населба на локалитетот Висок Рид, на јужната страна од рибарникот / големиот свиок на Црна Река, за која што В. Лилчиќ Адамс во 2009 година истакнува дека не може да влезе во категоријата град или утврдување.[37] В. Лилчиќ Адамс во 2009 година ги публикува основните податоци за Градиште кај селото Сливица, од кои гледаме мало утврдување од периодот од 7-4 век пред н.е. и ништо друго.[38]

Колегата д-р Томе Јанакиевски од Битола, во периодот од 1979-1997 година, се колебаше во предлогот за убикација, помеѓу селата Суводол и Црничани.[39] Во предложениот предел се наоѓаат следните позначајни утврдувања од периодот од 7-4 век пред н.е. и времето на 3-1 век пред н.е. Градчето на локалитетот Градиште село Мегленци (со мала ниска акропола и големо југозападно под-

[35] Папазоглу Ф., 1954, 308-345; Папазоглу Ф., 1957, 199-209.
[36] Томовски Т., 1967, 245-246.
[37] Лилчиќ (Адамс) В., 2009, 54-55.
[38] Лилчиќ (Адамс) В., 2009, 108-109.
[39] Јанакиевски Т., 1979.

градие). Чепен село Брод, маркантно утврдување од првата половина на I милениум пред н.е., со прекината егзистенција, некаде во 5 или 4 век пред н.е. на што сепак треба да одговорат некои идни археолошки истражувања. Тврд Град село Црничани, мала тврдина од 7-4 век пред н.е. Градчето на ридот Еленик, село Мојно. На Кале село Долно Ореово егзистирал антички град, меѓутоа не е позната неговата најрана фаза. Остатоците што се гледаат датираат од доцноантичкиот период од 4-6 век и од средниот век од 7 – 14 век.

Професор д-р Иван Микулчиќ во 1999 година изнесува пет предлози: Суводол, Мојно, Прилепец и Варош, и поентира со Мојно.[40]

Во близината на Суводол се наоѓаат локалитетите што погоре ги истакнав: Кале село Долно Ореово и Градиште село Мегленци. Ниту еден ги нема карактеристиките за убикација на градот Пелагонија. Истото се однесува и на локалитетите Еленик кај село Мојно и Долишта кај село Прилепец. Веројатно само градот на просторот на село Варош со доминантната акропола на Маркови Кули би можел да ја понесе кандидатурата за убикација на Пелагонија, доколку не постојат определени моменти за кој ќе зборуваме подолу во овој текст.

Професор д-р Виктор Лилчиќ Адамс, во 1996 година најпрво го предлага локалитетот Долиште, кај село Прилепец.[41] Подоцна, В. Лилчиќ Адамс,[42] заедно со колегите, професор д-р Антонио Јакимовски,[43] и м-р Дејан Кебакоски,[44] поентираат на археолошкиот комплекс Висока и Старо Бонче во атарите на селата Крушевица, Бонче, Подмол и Лопатица.

---

[40] Микулчиќ И., 1999, 80-86.
[41] Лилчиќ (Адамс) В., 1996.
[42] Lilchic (Adams) V., 2006, 593-605.
[43] Лилчиќ Адамс В. & Јакимовски А., 2016, 1-42.
[44] Лилчиќ Адамс В. & Кебакоски Д., 2006, 22-28.

## III. Кандидати за убикација на градот Пелагонија

### Долината на Еригон низ Мариово

Фанула Папазоглу, привлечена од податокот на Страбон како и од стелата на Кај Јулиј Бас во обласга на Мариово, дошла на идеја дека градот Пелагонија треба да се бара по течението на реката Еригон, а во областа Мариово. Така таа посочила на областите на селата Куманичево, Беловодица, Прилепец, Кокре и Пештани. Ја поврзува Пелагонија со поменувањето на терминот *град*, на една ара од Кокре. Арата ја подигнале родителите на Александра (дадена невеста во Пела) на божицата Артемида и ја посветиле *на градот*.[45] Папазоглу помислила дека се работи за градот Пелагонија. Во литературата постои идеја дека не се работи за градот Пелагонија, туку за градот Достонеи, убициран на локалитетот Пештера-Манастир Св. Илија, село Пештани, што се наоѓа веднаш до Кокре.[46]

Во своите размислувања околу проблемот на убикацијата на градот Пелагонија, проф. Папазоглу со право се ориентираше врз погоре цитираниот податок на Страбон, во кои се вели: „*Еригон тече низ земјите на Илирите, Линкестите, Пелагонија и преостанатиот град од левата страна, слив во Аксиј*". Таа заклучила дека „*градот чие име е отсутно во оваа реченица може да биде само градот Пелагонија*". Понатаму, таа се фокусираше на стелата од Гај Јулиј Бас, откриена во регионот на Мариово. Според интерпретацијата на Теодор Момсен, оваа стела била откриена во областа Мариово, на брегот на реката Еригон, недалеку од Стоби, во правец кон Битола. Таа исто така ги разгледа достапните археолошки информации и во 1954 година изјави: *Областа Мариово каде што треба да го бараме градот Пелагонија е една од најмалку истражуваните области на Македонија. По Хан и Азе, само Кацаров, за време на последната војна, забележаа некои антички споменици од овој регион. Остатоци од населби се потврдени на повеќе места, што докажува дека оваа ридска област била населена уште во антиката, но ниту една од тие населби не е идентификувана, поради што оваа област претставува празно место на географски карти на античка Македонија.*[47] Во оваа своја студија, таа прелиминарно ги истакна следните точки:

---

45 Папазоглу Ф., 1954, 341-342.
46 Лилчиќ (Адамс) В., 2005.
47 Папазоглу Ф., 1954, 340-341.

1. Витолиште, на десниот брег на реката Еригон
2. Куманичево, Град (град) Модрак на левиот брег на Еригон
3. Беловодица, на левиот брег на Еригон
4. Кокре, на левиот брег на Еригон и
5. Пештани, на левиот брег на Еригон.

На крајот, професорот Папазоглу заклучила дека: *Само систематски теренски истражувања на овие неколку спомената локалитети, можат да покажат каде се наоѓал (градот) Пелагонија, чијашто местоположба само приближно успеавме да ја одредиме.*[48]

Во текот на последните децении ги посетивме и документиравме сите стари градови и тврдини во долината на Црна Река – Еригон од нејзиниот извор до утоката во Аксиј / Вардар кај Стоби. Имајќи ги предвид напорите на професор Папазоглу во насоката на убикација на Пелагонија, проф. д-р. Виктор Лилчиќ Адамс посветил еден труд со опсервација на најновите согледувања на античките фортификации долж левиот брег на Еригон во Мариово.[49] Поради тоа, на ова место, повторно ќе ги погледнеме сите утврдувања на левиот брег на Еригон, засновани врз систематските археолошки истражувања и документирања.

### 1а. Град Модрак, Клиново

Местото на Град (град) Модрак, Клиново, претставувало мал крајпатен кастел на левиот брег, на големата кривина на реката Еригон, веднаш по вливот на реката Блашница.[50] Кастелот кој што егзистирал на почетокот од 3-2 век пред н.е. го контролирал патот долж Еригон. Тука на Еригонскиот пат се надоврзувал патот што водел од рудните лежишта на планината Кожув.

На околу 580 метри од вливот на реката Блашница во Тиквешкото Езеро, на местото каде што езерото врти од запад кон север, се издига тесен карпест срт. На сртот има три карпести чуки. Околу средната чука, кота 357 м., односно во нејзината источна падина, со истражувањата во 2014 година, евидентиравме културен хоризонт од 7-4 век пред н.е. и почетокот на 3 век пред н.е. Фрагменти и делови садова керамика и една бронзена монета на Пела (178-168 год. пред н.е.) со претстава на Артемида / футрола за стрели. Нема видлива траса на одбранбен ѕид, но претпоставуваме дека на карпите постоел мал стражарски кастел со оптимална површина од околу 2000 м$^2$ заедно со карпестиот срт.

[48] Папазоглу Ф., 1954, 343.
[49] Lilčić Adams V., 2018, 53-77.
[50] Кота: E 7.580.545 m / N 4.570.164 m.

Со истражувања на планинскиот срт што се искачува во северна с/з насока, во 2015 година евидентиравме уште три археолошки локалитети.



*Сл. 9 - Град Модрак, Клиново, од југозапад*




*Сл. 10 - Град Модрак, Клиново (1а), Шкрбица, Свилевица, Клиново (1b) и Вишешница (1с) (подлога AREC)*



Сл. 11-12 - Град Модрак, Клиново, монети на Касандар и на Тесалоника

**1б. Шкрбица, Свилевица, Клиново, населба отворен тип**

На околу 200 метри северозападно од карпата со раноантичкиот кастел Град Модрак, се наоѓа планинското седло преку кое минува пешачка патека. На благата падина над патеката на простор околу 200х100 метри евидентиравме остатоци од населба од 1-3 век н.е., воедно и неколку куќи кои потекнуваат веројатно 18-19 век. Евидентиравме остатоци од станбени објекти, керамичен тег, клинци, делови од покривни тегули, и монети, еден отворен гроб – циста.

**1ц. Вишешница Кота 516.6 м., Клиново, рефугиј**

На околу 200 метри северно од населбата на Шкрбица/Свилевица, Клиново, и повисоко за околу 60 метри, евидентиравме издолжено плато големо 113х40 метри, со остатоци од утврдување во вид на остра истакната ешарпа под која секако има каменен ѕид, чии остатоци се видливи на северниот дел од источниот ѕид. Претпоставуваме дека се работи за планински рефугиј. Одејќи по сртот нагоре на околу 200/300 метри наидовме на остатоци од разурнато македонско доцносредновековно село.

**2. Градишка Тумба, Гуѓаково, градче**

Древниот попречен пат на Еригонскиот, што водел од рудоносните лежишта на Кожув преку Витолиште (населбата Генеати и /Еу/ксини) – Врпско – Гуѓаково – Дрен – Царевиќ – приклучување на магистралата Керамие – Плетвар – Еурист – Стоби кај Марков Чардак, Топлица, го скицираше во 1975 год. проф. д-р И. Микулчиќ.[51] На тој пат проф. д-р В. Лилчиќ Адамс ги истражува и документира

[51] Микулчиќ И., 1975, Сл. 1, 195.

кастелот Градиште, Врпско, отворената населба Грамос, Врпско, градчето на Грдишка Чука, Гуѓаково и кастелот стража на Марков Чардак, Топлица.




*Сл. 13 - Градишка Тумба, Гуѓаково, местоположба на левиот брег на Црна Река*

На локалитетот Градишка Тумба, кај село Гуѓаково, се наоѓаат остатоци од крајпатно градче. В. Лилчиќ Адамс забележува постара фаза од раната антика и помлада фаза од Римскиот период. Со оглед на локацијата и површината од еден хектар, не постои можност за идентификација со градот Пелагонија. Ридот Грдишка Чука се издига доминантно над левиот брег на Црна Река, кота 460 м.[52] Еригонскиот пат што водел од југозапад по Врпска Лака, долж десниот брег на Црна Река, ја минувал реката преку мост во југоисточното подножје на ридот, непосредно пред вливот на гуѓаковскиот поток Коритата, што собирајќи четири притоки-долови, тече низ селото Гуѓаково. На врвот од ридот се наоѓа издолжено, приближно триаголно плато што било утврдено на два пати. Сувоѕидот на постарата фортификација од раната антика, обиколува простор голем 140x85

[52] Кота: E 7.568.133 m / N 4.570.321 m.

метри. Додека малтерниот ѕид на помладата фортификација (што ја датираат монетите од 3-6 век н.е.) затвора издолжена приближно правоаголна површина од 105x50 метри. Фортификацијата е на југоисток кон реката проширена, додека на север с/з стеснета во силно утврдено чело, пред кое бил оформен северен заштитен предѕид со заоблена форма, што заобиколува околу исто така заобленото чело на раноантичката фортификациска линија. Вкупната *intra muros* површина изнесува околу 0.7 ха.




*Сл. 14 - Градишка Тумба, Гуѓаково (план В. Л. Адамс)*

Од наодите се издвојуваат 19 бронзени монети од кои две датираат од раната антика, потоа од 3 век н.е., 4 век и 6 век н.е. На теренот се гледа интензивна концентрација на културен материјал, аморфни оловни парчиња, железни предмети, делови од питоси, покривни тегули.[53]



*Сл. 15-16 - Грдишка Тумба, Гуѓаково, раноантички монети: Херакле-кораб и Амфипол*

Наредните локалитети кон запад се: Градиште, село Пештани и Манастир Свети Илија, село Пештани (Достонеи).

### 3. Градиште 1, Вепрчани, градче Рано Железно Време

Локалитетот Градиште 1, Вепрчани се наоѓа на 3.34 км. југозападно од црквата Св. Петка, Вепрчани, и 1.75 км. источно ј/и од црквата Св. Петка, Дуње. Катастарски припаѓа со поголемиот дел во КП Вепрчани (околу 1.7 ха.), додека југоисточниот дел (0.3 ха.) на КО Дуње. Утврдувањето го истражувале проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс со колегата м-р Александар Митkоски во септември 2007 година. На темето од ридот (кота 605 м.), што доминира над составот на Вепрчанска Река во југоисточното подножје и Ореовдолска Река во западното подножје, во доцнобронзениот период односно раното железно време,[54] локална човечка заедница изградила периметрален одбранбен сувоѕид со кој го опфатила највисокиот дел од ридот оформувајќи мала акропола (120x60 метри) и поголемиот дел од јужната и југоисточната падина на ридот (267x126 метри). Според премерувањата тврдината е голема 265 x 80/118/102 м., и заземала површина од приближно 2 ха. Одбранбениот ѕид бил оформен со големи камени блокови, делумно обработувани, редени во лицето на ѕидот. Поголемите блокови биле ставани во долните ѕидни партии, поради што трасата на ѕидот е одлично видлива / сочувана. Утврду-

[53] Локалитетот е истражуван во две екстремно исцрпувачки експедиции на 08. 09. 2011. и на 20. 09. 2014 година.
[54] Митkоски А., 2010, 50, Т. XV.

вањето е ориентирано согласно темето и правецот на неговото спуштање, од североисток кон југозапад. Се забележува контура на влез на југозападната страна од подградието.




*Сл. 17 - Градиште 1, Вепрчани, местоположба (подлога AREC)*




*Сл. 18 Градиште 1, Вепрчани, од југозапад*

На околу 700-800 метри северно с/и од Градиште, Вепрчани, во 2010 и 2012 година биле истражувани неколку тумули во рамките на некрополата Сламите, Вепрчани. А. Митковски со колегите А. Булатовиќ и И. Микиќ, ја датирале некрополата во доцниот бронзен период / раниот железнодобен период, при што се регистрирани секундарни погребувања во доцноримско време (4-5 век н.е.). Авторите сметаат дека во некрополата биле погребувани жителите од населбата Градиште, Вепрчани.[55]




*Сл. 19 - Градиште 1, Вепрчани (план В. Лилчиќ Адамс)*

[55] Mitkoski A, Bulatović A., Mikić I., 2016, 27-57.

## 4. Градиште 2,[56] Вепрчани, кастел стража

Локалитетот се наоѓа на 3.72 км. северно с/з од црквата Св. Петка, Вепрчани, 5.7 км. североисточно од црквата Св. Петка, Дуње. Тоа е рид под кој длабоко долу на западното подножје тече Ореовдолска Река, а јужно е длабок дол со поток притока на Ореовдолска Река.




*Сл. 20 - Градиште 2 Ореов Дол, Вепрчани, местоположба (подлога AREC).*

Зарамнето плато на врвот, со благ наклон кон источната страна, било утврдено со солиден сувоѕид, во кој биле редени плочести камења. Нема малтер. Утврдувањето има издолжена форма, голема 91x22.5 метри, со површина 0.2 ха. Ѕидот на северната страна, со широчина од 1.65 м., заоблено ја следи конфигурацијата на теренот, бил изведен куси прави дистанци. На јужната страна следевме карпест раб на кој доколку имало ѕид, истиот се девастирал и излизгал под дејство на дождовите и ерозијата. На локалитетот откривме: пет доцноантички бронзени монети, еден сестерциј, еден венецијански динар. Локалитетот се наоѓа на 1.73 км. југоисточно од планинскиот превој помеѓу Сува планина (Скрка) на североисток и карпестиот срт од Јаловарски Стени – Голина – Лигураса на југозапад,

---

[56] Кота Е 7.561.637 m / N 4.573.070 m.

на кој минувал прастар пат кон Беловодица и понатаму преку Плетвар кон Керамие. Овој пат на југ југозапад, водел преку селото Вепрчани, локалитетот Скокот, Градиште 1, Вепрчани, надолу по Вепрчанска Река, Лисичка Река, Дуњска Река до градот на локалитетот Градок, Манастир на реката Еригон.



*Сл. 21 - Градиште 2 Ореов Дол, Вепрчани, од југоисток.*




Сл. 22 - Градиште 2 Ореов Дол, Вепрчани, (план В. Л. Адамс)



*Сл. 23 Градиште 2 Ореов Дол, Вепрчани, северен одбранбен сувозид.*



Сл. 24-25 Градиште 2 Ореов Дол, Вепрчани, монети: ранoримски сестертиј и сребрена монета на Венеција (дуждот Лоренцо Тиеполо (1268-1275)

## 5. Скокот, Вепрчани, населба отворен тип, античка епоха

Локалитетот Скокот се наоѓа на ридчето северозападно над црквата Св. Петка, Вепрчани.[57] Од селото Вепрчани на југозапад се протега долг рид, ограничен со долчето Шипот на север и Вепрчанска Река на југ. Скокот е всушност населба од полуотворен тип, со живот во текот на целата античка епоха. В. Лилчиќ Адамс, населбата ја истражува и документира во 2008 година. Се состои од тесна акропола со кота 783 м., голема 50х15 метри, 0.1 ха. Тоа е плато на кое илегалните трагачи ископале стотина дупки и веројатно извадиле огромен број артефакти.

[57] Кота E 7.562.895 m / N 4.569.596 m.




*Сл. 26 - Скокот, Вепрчани, местоположба (подлога AREC).*

Југозападно од ова плато, се протега широк станбен дел, расположен терасесто, голем 163х115 м., на површина од 1.7 ха. Се распознаваат главно два поистакнати утврдени делови. Внатрешен и надворешен. Тие биле заштитени со скромен сувоѕид, сличен на бројните антички полуутврдени населби. Се следи како долги ешарпи, со тоа што јужната е висока околу 3 метри. Регистриравме дел од покривна керамида – тегула – лаконски тип. Вкупната површина на населбата изнесува најмалку 1.8 ха.




*Сл. 27 - Скокот, Вепрчани, (план В. Л. Адамс)*

## 6. Градиште, Пештани,[58] ДМП

На Градиште, Пештани, каде што било забележано светилиште на Диоскурите, истражуван и документиран е мал рановизантиски кастел.[59] Се наоѓа на доминантниот рид помеѓу селата Пештани и Кокре, кота 1312 м., на 1.816 км. северозападно од селската црква на Пештани Св. Ѓорѓија.[60]




*Сл. 28 - Градиште Пештани, местоположба (подлога AREC)*



*Сл. 29 - Градиште Пештани, од југ*

[58] Влезено во стручната литература како Градиште, село Кокре, меѓутоа, катастарски се наоѓа во атарот на Пештани.
[59] Лилчиќ (Адамс) В., 2006/б, 62-67.
[60] Кота: E 7.555.004 m / N 4.572.031 m.

Врвот на ридот наликува на камена капа, слична на капите на Диоскурите – пилеус (pilleus, pillei).[61] Очигледно е дека се работи за светилиште на Диоскурите кои носеле токму вакви капи. Теренот јужно пред карпестиот врв бил релативно изнивелиран во вид на станбени тераси и ограден со одбранбен ѕид во техниката opus incertum. Утврдениот простор мери 160x115/117 метри со вкупна површина од 1.5 ха., од што само јужната половина претставува корисен простор, додека северната е грубата карпеста падина. Одбранбениот ѕид, широк околу 1.6 м., бил проектиран и граден во куси дистанци помеѓу масивните карпи. Единствено јужниот одбранбен ѕид се следи во две долги дистанци од по 50 метри. Источниот ѕид мери исто така две рамни дистанци од по 45 метри, меѓутоа граден помеѓу, околу 5 масивни карпи. На западната страна се гледа контура на една внатрешна просторија, додека на југоисточниот агол во една карпа се гледаат издлабени три правоаголни дупки за потпор на дрвени греди од таваницата на просторија потпрена однатре заштитниот бедем. Северно под карпестиот врв се наоѓа длабоко седло, широко околу 10 метри, со кое тврдината била одделена од северниот планински масив.




*Сл. 30 - Градиште Пештани, (план В. Л. Адамс)*

[61] Капа од волна, носена во време на свеченостите, особено на Сатурналиите. Сметана за повик на слобода. Види: Divković M., 1900/reprint 1991, 797.



*Сл. 31 - Висока, Крушевица/Бонче од Градиште Пештани.*

## 7. Пештера-Манастир Свети Илија, Пештани, град Достонеи, Античка Епоха

На локалитетите Пештера-Манастир Свети Илија и Грамаѓе, кај село Пештани во Мариово ја убицирана е населбата (заедницата на Достонејците, според натпис на плоча која е секундарно ѕвидана во фасадата на селската црква во Пештани) Достонеи. Жителите од Достонеи биле погребувани на ридчето Грамаѓе, каде откривме повеќе бронзени монети од 4-2 век пред н.е.[62]

Локалитетот се наоѓа на 1 км. југозападно од селската црква Св. Ѓорѓи.[63]




*Сл. 32 - Манастир Св. Илија, Пештани, град Достонеи и некрополата Грамаѓе (кота 718 м), местоположба (подлога AREC)*

Населбата била оформена на просторот што благо се спушта од масивниот карпест рид (кота 784 м.) во чие што североисточно подножје бил изграден манастирот Св. Илија, кон исток. Карпестиот рид има приближно елипсовидна форма со пречник околу 110 метри. Станбениот простор на Достонеи го чини широкото терасесто плато големо 300x185 метри, ограничен со двата дола што се спуштаат од планинскиот масив Самовилак – Преслап. Северниот е суводолица додека низ јужниот тече мал поток. Не се забележани посебни одбранбени ѕидови околу населбата, освен природните бариери – доловите. Главното градско јадро на населбата претставува широката тераса источно од карпестиот рид и манастирот Св. Илија на исток, големо 135x110/185 метри.

[62] Лилчиќ (Адамс) В., 2005, 2-19; Lilčić Adams V., 2007, 856, 858.
[63] Кота E 7.555.945 m / N 4.570.383 m.




Сл. 33 - Манастир Св. Илија, Пештани, од исток североисток

Во неговиот северозападен агол се наоѓа манастирот Св. Илија. Топонимот Пештера се однесува на големиот празен простор во голема карпа на околу 60 метри јужно од манастирот. На теренот а во рамките на јадрото, се гледаат богатите културни хоризонти исполнети со многубројни керамички фрагменти и градежни елементи. На терасата лежи еден мермерен блок со профилација на подиум – постамент, од некој јавен градски споменик. Неколкуте тераси, источно од маркантниот источен градски ѕид на јадрото на населбата, наредени кон исток, со намалување на должината до составот на доловите, исто така биле интензивно населени. Вкупната површина на градот Достонеи изнесувала околу 4 хектари.

Големиот број камени споменици што потекнуваат од ова место, го илустрираат градскиот карактер на Достонеи, кој што веројатно имал свој совет, собрание. На еден споменик, откриен токму на локалитетот Пештера-Манастир Св. Илија, се споменува името на П. Ајлиј Менелај, кој бил член на, веројатно, градскиот совет.[64]

[64] IG Vol. X, Pars II, Fasc. II, 93-94, No. 194.

Големата некропола на ридот Грамаѓе, години наназад била предмет на сурово дивеење на илегалните трагачи. Информациите што ги слушнавме во селото непријатно не изненадија. Во некрополата биле откривани гробови на војници, монети.[65]



*Сл. 34 - Црква Св. Ѓорѓи, Пешшани, нашпис со йомен на заедницаша Досшонеи*

Да се потсетиме дека од ова место потекнуваат лицата: примипилот (првиот копјеносец) Марко Јулиј Север, потоа Публиј Елиј Дионисиј кој војувајќи во I Италска легија загинал на 17 години.[66] Внимателната опсервација на надгробните стели од римскиот царски период ќе не увери дека многу млади момчиња од Мариовскиот крај биле регрутирани во римската армија, и тоа веројатно уште во Републиканскиот период.

Можеби и Гај Јулиј Бас, пишан во трибата Мекија, потеклото од (градот) Пелагонија, потекнува токму од Достонеи.



*Сл. 35 - Подиум/крейидома од јавен објекш*

[65] Види кај Лилчиќ (Адамс) В., 2005, 14.
[66] Бабамова С., 2005, 113.




*Сл. 36 - Манастир Св. Илија, Пештани, (план В. Л. Адамс)*



*Сл. 37 – Станбена тераса*



*Сл. 38 - Грамаѓе, Пештани, некропола на Достонеи*




*Сл. 39 - Грамаѓе, Пештани, некропола на Достонеи, монети на:*
*А) Касандар, Б) Филип V, В) Персеј и Г) автономна Македонија под Филип V и Персеј*

### 8. Градок, Манастир

Наредниот локалитет долж левиот брег на Еригон е Градот, селото Манастир. Тоа е низок рид на утоката на Лисичка река во Еригон, поради што ова градче е познато кај локалните жители и како Градок.




*Сл. 40 - Градот, Манастир, местоположба (подлога AREC)*

Локалитетот го истражувале и публикувале: професорите д-р Никос Чаусидис,[67] д-р Иван Микулчиќ,[68] д-р Виктор Лилчиќ Адамс,[69] потоа д-р Бранислав Ристески кој ги започнал првите археолошки ископувања (1990-1995 год.). Во рамките на импресивното утврдено плато (*intra muros* 240x230 м.) на 4.5 хектари, се распознава северна акропола и јужен подград.[70]

---

[67] Чаусидис Н., 1993, 221-226.
[68] Mikulčić I., 2002, 344-347.
[69] Лилчиќ (Адамс) В., 2002, 942-945.
[70] Мерена централна кота на платото: E 7.560.696 m / N 4.562.789 m.



*Сл. 41 - Градот, Манастир*

Локалитетот го истражувавме во текот на 2014 година, премерот го реализиравме на 27. 09. 2014 год. Акрополата го окупира северниот дел од платото. Има неправилна триаголна форма, издолжена во правец исток - запад. Голема е 208x45 м., на површина од 1 ха. Северниот одбранбен ѕид е долг 193 метри, благо закривен (се состои од две дистанци, западна 113 м., источна 80 м.). На источната страна, на 28 метри западно од клиновидното источно чело на акрополата, Б. Ристески откри вовлечена порта со внатрешен дводелен пропугнакулум. Внатрешната големина на првата просторија е 4.3x4.9 м., додека внатрешната просторија мери околу 4.33x4.30 м. Надворешниот ѕид е широк 1.5 м. На западниот дел од ѕидот, на околу 2 метри источно од аголот, била оформена масивна кула со квадратен план голема 7x7 метри. Ѕидовите на кулата се широки 1.72 м. На 34 метри источно од источниот ѕид на кулата, се гледаат остатоци од постаро ѕидно платно. Западниот ѕид на акрополата е долг околу 85 метри, и широк на југозападниот дел 2.15 м. Јужниот ѕид на акрополата е внатрешен, се следи како 208 метри долга ешарпа, поизразена на западната страна, а послабо видлива на источната страна, на околу 30 метри западно од карпестиот дел со кои ограничува клиновидното источно чело на акрополата. Најверојатно токму на овој дел постоела порта за комуникација со подградиетo.

Во акрополата се наоѓаат остатоците на две цркви. Источната именувана како Базилика А, се наоѓа во источниот дел на акрополата. Тоа е типична ранохристијанска базилика од 6 век. Има трикорабна елевација на наосот, со ѕидани столбци наместо колони. Нартексот е тесен со два анекси на север и југ. Во нартексот воделе два влеза на западната страна. Вкупната големина изнесува 20х18 метри. Базиликата била оформена во времето на Јустинијан I. Втората Црква Б, датира од полниот среден век. Се наоѓа на 55 метри западно од рановизантиската базилика. Има мал нартекс и еднокорабен наос, крстовидно преграден однатре. Апсидата е однатре полукружна, однадвор тространа. Нејзината изградба координира со византиските анонимни фолиси од 11 век н.е., како и со средновековните прстени и апликации.




*Сл. 42 - Градот, Манастир, (план В. Л. Адамс)*

Долниот град го окупира јужниот дел од платото, со големина од 248х162 м., односно површина од 3.2 ха. Има приближно правоаголна површина со: југозападен одбранбен ѕид 106 м., јужен ѕид со благ спуст кон североисток. На соста-

вот на овие два ѕида, југозападниот агол на градот, се гледаат контури на правоаголна кула (6.5x7 м.), аналогна на северозападната кула на акрополата. Јужниот, благо закривен, одбанбен ѕид, што се спушта кон исток - североисток, со просечна широчина од 1.8 м., и должина од 206 метри, ограничен на помала карпа и со благо вртење на поголема карпеста маса, од каде зазема северен правец. На источниот ѕид (што мери 78 метри) се наоѓаат остатоци од издаден тесен влез во градот. Преостанатиот североисточен ѕид до источното клиновидно чело на акрополата, има должина од 107 метри (малтерен opus incertum, широчина од 1.5 м.), и две благи прекршувања, со користење на една помасивна карпа. Овој ѕид на неговата југоисточна страна е сочуван до импресивна височина од околу 3 метри.



*Сл. 43 - Градот, Манастир, бронзен предмет*



*44-45 - Градот, Манастир, монети на Александар III и Деметриј I*

Забележавме елементи на егзистенција од железното време, антиката и средниот век. Со површинските археолошки рекогносцирања, откривме дел од една т.н. култна пајонска бронза од архајскиот период, т.н. Затварач за кани, постар тип. Потоа монета на македонскиот крал Александар III Македонски (Херакле-Александар / суровица, лак со футрола за стрели во дабов венец, легенда ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ). Не се откриени наоди од ранориманскиот царски период. Ниту од 4 век н.е. Освен дел од една бронзена луковичеста фибула. Доминираат монетите од 6 век н.е., меѓутоа само на императорите Јустинијан I и Јустин II. Следат два анонимни фолиси (класа C), што се припишуваат на императорот Михаил IV

Пафлагониец (1034-1041 год.).[71] Потоа еден секундарно перфориран, анонимен фолис (класа D), што му се припишува на императогот Константин IX (1042-1055 год.).[72] Откриени се повеќе прстени од 11-12 век н.е., како и повеќе бронзени, срцевидни апликации за облека од истиот период. Потоа помеѓу трите скифати (ураниск), се распознава еден на императорот Мануел I (1143-1180 год.).

На Градок – Лисичко Градиште, според наодите егзистирал значаен цивилизациски центар, градско средиште на животот во северно Мариово во антиката и средниот век. Забележливото отсуство на наоди од првите векови по новата ера ја потврдуваат тезата дека Рим ја напуштил Еригонската магистрала, со форсирање на Дијагоналниот пат од Хераклеја преку Стибера, Керамие, Еурист за Стоби. Меѓутоа, Еригонската магистрала повторно е активирана во доцната антика, на што укажуваат наодите од 6 век и од 11-13 век н.е. Претпоставуваме дека токму овој моќен рановизантиски град, бил градот Антанија, споменат во Хироклевиот Синекдемос.[73]

### 9. Богданова Нива, Чаниште

Во продолжение кон југ, јужно од Расим Бегов Мост (мостот на Расим Бег), во пределот на селото Чаниште, документиравме две раноантички и една доцноантичка тврдина. Доминантната тврдина на местото Богданова Нива, село Чаниште, привлекува внимание со раноантички културен хоризонт од 4 - 2 век п.н.е. Богданова Нива е доминантен рид со котата 669 м.,[74] на растојание од 2.26 км. источно с/и од црквата Св. Петка во селото Чаниште. Истражувано и документирано е во 2005 година. Утврденото плато на врвот мери 142x95 метри, на површина од 0.8 ха. Фортификацијата била оформена со изградба на сувоѕид околу платото на ридот. Трасите на одбранбениот ѕид се со куси дистанци со кривини, поради конфигурацијата на теренот. Во средиштето на платото се издига масивна карпа. Ридот доминира над коритото на Црна Река, и има извонредна визура на север долж долината на Реката кон Градок, Манастир. Жално е што официјалната археологија не го истражувала овој извонредно важен антички македонски воено-стратегиски пункт. Сепак со рекогносцирањето на површината откривме бронзени монети на Александар III Македонски (аверс уништен/рв. коњ во трк, легенда ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ), Деметриј I (македонски штит/македонски шлем, легенда

[71] Sear D. R., 1974, 329, No. 1825.
[72] Sear D. R., 1974, 329, No. 1826.
[73] Теза на В. Лилчиќ Адамс, А. Јакимовски и Г. Тренески, *Размислувања околу убикацијата на Антанија*, изнесена на VII меѓународен научен симпозиум Денови на Јустинијан I, во Скопје на 15 ноември 2019 година.
[74] Кота: E 7.560.324 m / N 4.558.533 m.

ΒΑ|ΣΙ), Филип V и Персеј (Зевс/Атена предводника кон лево со копје и дигнат штит, монограми на кралевите), Персеј (Персеј/орел, монограм). Тврдината е типичен антички македонски воено-стратегиски кастел за контрола на древниот пат долж долината на Еригон, според наодите од 4-2 век пред н.е.




*Сл. 46 - Богданова Нива, Чаниште, местоположба (подлога AREC)*



*Сл. 47 Богданова Нива, Чаниште, од северозапад*




Сл. 48 Богданова Нива, Чаниште, план В. Л. Адамс



Сл. 49 - Чаниште, монета на Александар III



Сл. 50 - Чаниште, монети на Деметриј I



Сл. 51 - Чаниште, монети на, Филип V и Персеј



Сл. 52 - Чаниште, монета на Персеј

## 10. Говедарник, Чаниште

На котата 455 м.,[75] на 2.687 км. североисточно од црквата Св. Петка во село Чаниште, а на 277 метри од коритото на Црна Река, и на 1.67 км. јужно ј/з од Расим Бегов мост преку Црна Река, архајско време и во доцната антика егзистирала мала утврдена позиција. В. Лилчиќ Адамс ја истражувал во ноември 2012 година. Биле фортифицирани две главни зони: 1) мала акропола на врвот на ридчето (60x15 м.); 2) обиколниот ѕид што затворал приближно трапезовидна форма, голема 130x90 метри. На падината југоисточно под акрополата се измерени четири станбени тераси. На широкото ридесто седло западно од утврдувањето се гледаат траги на отворена населба.




*Сл. 53 - Градиште Говедарник, Чаниште, (план В. Л. Адамс)*

[75] Кота: E 7.559.942 m / N 4.559.895 m.



*Сл. 54 - Градиште Говедарник, Чаниште, од исток ј/и*



*Сл. 55-61 - Градиште Говедарник, Чаниште, монети од 3-6 век н.е.*

### 11. Убава Глава, Чаниште

На 2.06 км. северно с/и од селската црква Св. Петка во Чаниште, се наоѓа височината (кота 756 м.) наречена Убава Глава (можеби називот потекнува од глава на статуа / портрет / монета, на некоја жена или божица што некогаш била откриена на локалитетот). Височинката била утврдена со одбранбен сувоѕид, проектиран помеѓу поголемите карпи (широк околу 1.7 м., измерен на североисточната страна од Вториот утврден дел), на места видлив на места само ешарпа.




*Сл. 62 - Убава Глава, Чаниште, од северозапад, од Голем Рид, Дуње*

Се чини дека влезот бил на западната страна. Според планот на утврдувањето се распознаваат четири фортифицирани целини. Прва и Втора главна утврдена површина, воглавно две тераси благо наведнати кон југ. Во првата целина на западниот дел се наоѓаат остатоци од еден објект. Третиот дел на западната страна како да претставувал влезна партија. Четврта е северната тераса голема 57x13 метри. Утврдувањето мери 83x87 м. Во текот на истражувањата откривме бронзени монети на македонските кралеви како и на градовите Пела, Тесалоника (Посејдон/Кораб; Атена/коњ во трк; римска монета со два профили на реверсот и реверсот), Амфипол (Дионис/јарец), Аврелиј/македонски штит, Константин, бронзена глава на волк – дел од белегзија. Убава Глава, Чаниште не поседува еле-

менти на силна фортификација. Точно е дека височината е прилично добро видлива од широкиот северен хоризонт, од правците на Градок, Црната Тумба, секако и од Богданова Нива. Хронологијата на откриените монети повеќе укажува на светилиште, кое егзистирало во текот на 3 век пред н.е., до некаде крајот на 4 век н.е.




*Сл. 63 - Убава Глава, Чаниште, (план В. Л. Адамсен)*



*Сл. 64 - 65 - Убава Глава, Чаниште, монети на Тесалоника*

## 12. Црна Тумба, Манастир

На истакнатата ридеста височина Црната Тумба (650 м.),[76] во 2011 година документирано е мало утврдено плато. Ридот се наоѓа на 1.77 км. северозападно од Расим Бегов мост. Утврдувањето има високо издигнато и утврдено северозападно чело во должина од 37 метри. Тоа е висока ешарпа во чија падина се гледаат на две места надворешните лица на одбранбениот сувоѕид. Утврдената површина мери 75х32 метри. Трасата на одбранбениот ѕид била проектирана помеѓу масивните обли карпи. На површината можат да се видат многу фрагменти од садова керамика. Откриени се неколку монети од кои една е предримска, два римски дупондии, четири доцноримски миними од 4 век н.е. Откриен е и еден бронзен дел од 5-4 век пред н.е.[77] Во овој момент на недоволна истраженост, можеме да предложиме класификација во едно заштитно утврдување на патот што водел од превојот Момирица и приодот кон градчето на Градок, Манастир.




*Сл. 66 - Карта со местоположбите на: Градот, Манастир, Црната Тумба, Манастир и Голем Рид, Дуње (подлога AREC)*

---

[76] Кота: E 7.559.056 m / N 4.562.718 m.

[77] Сличен предмет бил откриен во Гроб бр. 30 во некрополата Калдрма-Заград, види: Китаноски Б., 1975, 113, Т. XII бр. 319.



Сл. 67 - Црна Тумба, Манастир, од северозапад




Сл. 68 - Црна Тумба, Манастир, (план В. Л. Адамсен)



Сл. 69 - Црна Тумба, Манастир, пајонска бронза



Сл. 70 - Црна Тумба, Манастир, монета на Вер



Сл. 71 -Црна Тумба, Манастир, монета на Теодосиј



Сл. 72 - Црна Тумба, Манастир, монета на Аркадиј

### 13. Висок Рид, Дуње, римски воен логор за контрола на Градот, Манастир

На 1.76 км. западно од Базилика А во Градок-Лисичко Градиште, Манастир, се наоѓа Висок Рид. Тоа е издолжено плато, кота 659 м.,[78] со површина од околу 0.9 ха. Платото е благо наведнато кон југоисток, и било обиколено со суво-ѕид. Има одлична доминација над Градок, што претпоставуваме било поради негова контрола. Веројатно на платото, можеби во републиканскиот период (1 век пред н.е.) бил сместен римски воен логор за контрола на градчето како и на патната магистрала. Од Голем Рид извонредно се гледаат следните коти: Црната Тумба (што е соседниот рид на југоисток), Градок, Убава Глава, Богданова Нива.

[78] Кота: E 7.558.896 m / N 4.562.913 m.



*Сл. 73 - Голем Рид, Дуње, остатоци од внатрешен ѕид*



*Сл. 74 - Визура од Голем Рид, Дуње кон Градот, Манастир*

## 14. Милошева Тумба, Дуње, Рано Железно Време

Во 2011 година В. Лилчиќ Адамс истражувал и документирал мала предисториска утврдена позиција, на 2.34 км. североисточно од црквата Св. Архангел во село Крушевица. На темето од ридот (кота 753 м.)[79] што се одделува од ридот се гледаат слаби остатоци од траса на одбранбен сувоѕид – ешарпа, особено на западната страна. Формата на утврдувањето е неправилно триаголна, голема 42x35 м. На површината се гледаат мошне малку фрагменти рачно работена садова керамика. Платото на Милошева Тумба на запад е поврзана со ридестиот масив преку ниско и развлечено седло. Визури кон патната траса Момирица-Градок.




*Сл. 75 - Милошева Тумба Дуње, местоположба (подлога AREC)*



*Сл. 76 - Милошева Тумба Дуње, од југозапад*

[79] Кота: E 7.556.519 m / N 4.564.790 m.




*Сл. 77 - Милошева Тумба Дуње, (план В. Л. Адамсен)*

## 15. Маркови Кули, Кален

Ова место го привлекло И. Микулчиќ да го убицира градот Достонеи, споменат на една плоча секундарно вѕидана во фасадата на црквата во соседното село Пештани.[80] Во 2005 година, В. Лилчиќ Адамс со м-р Дејан Кебакоски го рекогносцирале целиот ридест потег северно северозападно од Кален, од најјужната кота 780 м., преку широкото плато со котата 808 м., до планинското седло (кота 786 м.) преку кое ридот што И. Микулчиќ го именува Кале/Градиште, се поврзува со планинскиот срт Самовилак. На најјужната кота 780 м.,[81] откриено и документирано е мало утврдено плато, што, со широко, природно седло е издвоено од северното плато со котата 808 м. Евидентиран е масивен одбранбен насип (висок 3-4 метри) потковичесто издаден кон седлото, проектиран помеѓу две големи заоблени карпи на југозападната страна. Платото, всушност мала станбена тераса (45x45 м.), било природно брането на југоисточната страна со стрмни карпи. На

[80] Микулчиќ И., 1999, 90-91; Mikulčić I., 2002, 352-353. Неточно го именува како Кале, Градиште, исто и користејќи постара топографска карта ја истакнува котата 820 м.
[81] Кота: Е 7.555.072 m / N 4.568.862 m.

локалитетот се забележуваат фрагменти од рачно работена садова керамика. Општ впечаток е дека на ова место егзистирало едно семејство, веројатно сточарско во архајскиот период.




*Сл. 78 - Маркови Кули, Кален, местоположба (подлога AREC)*



*Сл. 79 - Маркови Кули, Кален, од југ*



*Сл. 80 - Маркови Кули, Кален, од север*




*Сл. 81 Маркови Кули, Кален, (план В. Л. Адамсен)*

### 16. Град Чебрен, Зовиќ

Наредниот значаен локалитет, на југ, меѓутоа на десниот брег на Еригон е Град Чебрен, селото Зович, веќе во јужниот дел на Мариово. Тоа бил антички и средновековен град на доминантниот рид над големата кривина на Еригон.




*Сл. 82 - Град Чебрен, Зовиќ, местоположба (подлога AREC)*

Растојанието, од главната средновековна црква во манастирот Св. Димитриј Солунски во Чебренскиот Манастир, до црквата Св. Никола во селото Зовиќ, мери 3.153 км. Градот се состоел од три фортифицирани дела. На врвот во североисточниот највисок дел од карпестиот рид над манастирот, била оформена мала акропола (**А**) (70x25 метри/со посебно утврден источен дел во кој, во 6 век н.е., на самиот врв, била изградена мала еднокорабна црква).[82] Околу малата североисточна акропола се протегала голема акропола (**В**). Акрополата (**В**) (околу 270x120

[82] Црквата ја откопале Г. Филиповска и Љ. Кепеска, за жал резултатите од овие ископувања не биле публикувани. Извесни информации види кај: Filipovska G., Srbinovski P., 1978, 117-119. Подоцна, А. Миткоски, ја премерил црквата и публикувал подлогата за чесната трпеза како и еден

метри) го зафаќала просторот долж северниот раб-срт на ридот, со спуст во западен правец до доминантното западно карпесто чело, околу чие западно подножје, во широк лак, врти големата кривина на коритото на Црна Река, и продолжува со поголем спуст кон североисток. Северната страна секако била утврдена со одбранбен ѕид, но неговите остатоци – темели, не може да се забележат на теренот, веројатно поради ерозијата а и високата трева. Јужниот ѕид, на акрополата (B) во градежната техника opus incertum, е проектиран долж јужниот раб на падината во должина од околу 270 метри, дебелина од 1.4 м. (мерена на западниот дел). На некои места е сочуван во височина до 4 метри. Површината на акрополата (B) била со векови изложена на голема ерозија, така да речиси најголемиот дел од објектите се излизгале надолу. Јужното подградие (**C**) во чиј што западен дел била подигна Манастирот со црквата Св. Димитриј Солунски, мери 265/247 x 240/137 метри. Ова подградие било пласирано на големата падина со спуст од североисток кон југозапад.



*Сл. - 83 Град Чебрен, Зовиќ, од исток од ридот Војник*

мал упростен четирилистен капител со дел од олтарното столпче во монолит. Види: Миткоски А., 1997, 66, сл. 204. И кај: Лилчиќ (Адамс) В., 2002, 960-961.

Нејзините одбранбени рамки се следните. Има долг источен одбранбен ѕид (247 м.), што води долж ридестиот срт со спуст од север кон југ до мало карпесто плато на кое во средниот 15/16 век била подигната малата црква Св. Спас. Можеби на ова место во доцната антика била оформена одбранбена кула. Од тука ѕидот се спушта кон запад до самото речно корито на Црна Река. Тука веројатно била оформена главната градска порта. Западната ѕидна траса води по рамен простор за околу 150 метри на север до југозападниот агол на манастирскиот двор. Потоа се искачува во закосен северозападен правец за околу 150 метри и се спојува со јужниот одбранбен ѕид на акрополата (B). Во првиот дел за околу 60 метри, западниот ѕид на манастирот бил оформен врз постариот одбранбен ѕид на подградието. Вкупната површина на Градот Чебрен изнесува околу 6.6 хектари. Од тоа само акрополата мери 1.7 ха.




*Сл. 84 - Град Чебрен, Зовиќ, (план В. Л. Адамсен)*

Со временски ограничените истражувања, поради главната задача да се премерат градските фортификациски периметри, успеавме да видиме фрагменти од т.н. ребрести амфори од 6 век н.е., потоа еден прекрасен градежен бронзен висок исто од 6 век н.е. Постои потреба во иднина да се рекогносцира западниот дел на акрополата. Имено во овој карпест простор на Google Earth се гледа мала правоаголна структура, што можеби претставува крајна југозападна аголна кула на акрополата, и секако да се откријат порелевантни показатели за времето на егзистенцијата на градот. Првата планиметрија на Град Чебрен потекнува од перото на професорот д-р И. Микулчиќ.[83]



*Сл. 85 - Град Чебрен, Зовиќ, акропола, југозападен одбранбен ѕид*

[83] Во 1977 година во рамките на снимањето на серијалот Непозната Македонија за МТВ, учествувавме во пловењето во гумените чамци од Скочивир до Возарци по Црна Река. Од првиот логор кај Рапешки Мост, со проф. Микулчиќ, на вториот ден пешачевме 5.5 км до Градот Чебрен.






*Сл. 87 - Град Чебрен, Зовиќ, оловна пита полупродукт добиен од печење оловна руда*

*Сл. 86 - Град Чебрен, Зовиќ, дел од рачно работен сад*






*Сл. 89 - Град Чебрен, Зовиќ, делови од т.н. ребреста рановизантиска амфора*

*Сл. 88 - Град Чебрен, Зовиќ, градежен висок од бронза, 6 век*



*Сл. 90 - Град Чебрен, Зовиќ, олтарни столпчиња од ранохристијанска црква*



*Сл. 91 - Град Чебрен, Зовиќ, визура кон Висока, Крушевица, од Војник*



*Сл. 92 - Град Чебрен, Зовиќ, визура кон Пантелеј, Полчиште, од Војник*

## 17. Кале, Рапеш, кастел стража

Потоа следува мала крајпатна тврдина на локалитетот Кале, село Рапеш, 2 км. северно од мостот Рапеш, со силно западно чело, мала акропола и источно предградие и раноантички културен хоризонт од 2 век пред н.е. Кале, се наоѓа на точно 2.136 км. источно од селската црква во Рапеш. Ридот (ок. 585 м.),[84] се издига над левиот брег на Маковска Река, на самата утока во Црна Река.




*Сл. 93 - Кале, Рапеш, местоположба на кастелот, поатот и некрополата Сламите и Каменот (подлога AREC)*

Проф. д-р В. Лилчиќ Адамс го открил локалитетот, истражувал и документирал во 2012 година. Долж јужната падина на Кале, а на околу 50-60 метри над коритото на Маковска Река, се наоѓаат остатоци од прастара патна траса, што на места е удвојувана. Најверојатно, поради ерозивните дејствија на стрмната падина таа била девастирана, па луѓето во антиката биле приморани да ја репарираат односно да пробиваат нови делници. Трасата варира со широчината од околу 1.5 – 2 м., и била грижливо работена со подѕидувања и всекувања во карпите. Тврдината се состои од два дела. Акропола и подградие. Акрополата е овална, одделена од ридестиот масив на западната страна со длабок одбранбен ров и високо вештачки оформено одбранбено чело. Теренот на исток благо се спушта. Акрополата мери 68x50 метри. Подградието е тесно и наведнато кон југоисток. Јасно се следи

---

[84] Кота: E 7.556.848 m / N 4.557.061 m.

трасата на одбранбениот насип под кој е ѕидот наоколу со ретки дистанци каде се гледа карпест раб од кој што ѕидот бил испран. Јужниот дел од источниот ѕид е конструиран од масивни камени блокови што секако кореспондираат со постариот културен хоризонт од железното време. Целата тврдина мери 160x70 метри, на точно 1 хектар. Откривме движни предмети од два културни хоризонти. Од постариот железнодобен (главно керамички фрагменти) и помладиот културен хоризонт, од 2 век пред н.е., бронзени монети на Тесалоника, Пела, Амфипол, Персеј. Едно оловно зрно (glans) за праќа.




*Сл. 94 - Кале, Рапеш од југ*

Некрополата во која се погребувале жителите на овој стратегиски стражарски кастел, беше откриена и истражувана на просторот западно. Имено на локалитетите Сламите (Возишта и Каменот) се регистрирани и истражувани тумули од 7-6 век пред н.е.[85]

Егзистенцијата на наброените градчиња и тврдини во долината на реката Еригон низ Мариово, очигледно се должела на античкиот магистрален пат долж реката, кој што Римјаните по освојувањето на Македонија / Пелагонија, го префрлија, на линијата Хераклеја - Стибера - Керамија - Еурист – Стоби.

[85] Василева М., 1993, 69-80, со цитирана постара литература и аналогии.




*Сл. 95 - Кале, Рапеш, план В. Л. Адамсен*



Во однос на големината, на спомената градови, сметаме дека Градот, Манастир (Антаниа ?) и Град Чебрен, Зовиќ се значајни, но ниту едно од овие места нема никаква поврзаност со значењето на зборот Пелагонија (рамен терен, рамнина), ниту реални можности за лоцирање на кралскиот престол на кралството Пелагонија.

*Сл. 96 Кале, Рапеш, остатоци на одбранбениот ѕид на подградието*



*Сл. 97-106 - Кале, Рапеш, монети на, неидентификуван крал, потоа Персеј, автономна Македонија под Филип V и Персеј, Пела, Тесалоника и Амфипол и оловен проектил (glans)*

## Селечка планина и нејзиното западно подножје

Во потрагата на местоположбата на градот Пелагонија, географот Страбон, нè упатува кон левиот брег на реката Еригон, некаде, пред да се влие во Аксиј. Видовме дека во зоната непосредно на самиот лев брег се истакнуваат два антички града: Град Чебрен, село Зовиќ и Градот – Лисичко Градиште, село Манастир. Етимологијата на терминот Пелагонија во значењето рамнина, рамна земја, ширина, го оневозможува убицирањето на градот Пелагонија на овие два локалитети. Освен тоа, досегашните археолошки истражувања, не регистрирале на ниту еден од овие локалитети, поинтензивен културен хоризонт од раната антика.

Наредната зона, што влегува во поширокиот обем на географскиот опис на Страбон, е Селечка Планина. Селечка Планина претставува доминантен планински венец со ориентација север – југ. Во најстарите геолошки периоди, Црна Река – Еригон, ја пробила планинската бариера Селечка Планина – Кожув кај селото Скочивир и продолжила да тече низ Мариово. Селечка Планина се состои главно од три дела. Најсеверниот се нарекува и Дрен Планина со врвот Студеница (1662 м.), средниот дел со највисокиот врв Висока (1472 м.), и јужен дел со највисокиот врв Цаула (1434 м.).

Долги години по ред В. Лилчиќ Адамс ги посетувал, истражувал и документирал сите древни утврдувања на Селечка Планина. На средниот дел, на самиот врв Висока, на 25. август 2005 година, со м-р Дејан Кебакоски и господинот Златко Јошески, рано наутро во 9.20 часот, започнавме да го документираме планот на тврдината. Стартувавме на северниот дел на одбранбениот периметрален ѕид. На прв поглед, ми се чинеше дека се работи за мал рановизантиски кастел. Така им реков на колегите: *Ок, бргу ќе бидеме готови, ништо страшно, мал рановизантиски кастел.* Меѓутоа, премерувањето на ѕидната траса траеше полни 8 работни часови без запирање. И кога во 17.30 часот се вративме преморени кај ранците, земавме здив, импресиониран од големината на одбранбениот ѕид, предложив: *Дечки ајде да прошетаме низ централниот дел на тврдинава. Можеби ќе видиме контури на централен објект што би била ранохристијанска базилика.* Тогаш ја видовме внатрешната акропола. Мојот предлог и покрај преморезноста беше: *Ок, ајде да го премериме ова внатрешно плато, бидејќи тука секако нема да се вратиме повеќе.* Тогаш, при премерот на источниот ѕид на акрополата, го регистриравме и фотографиравме делот од централната влезна порта, конструиран во техниката опус изодомум.

Во септември, во текот на разговорот и предлогот на академик Вера Битракова Грозданова, да го претставам локалитетот во зборникот посветен на академик Милутин Гарашанин (Homage to Garašanin), организирав наредни истражувачки посети, на 22. 10. 2005, во продолжение на 30. 10. 2005, и од 04-06. 10. 2005 година на овој исклучителен археолошки локалитет. Како резултат од овие истражувања излезе прелиминарната статија An Attempt at Reconnaissance of the Town of Pelagonia.[86]

Квалитетот на движните археолошки наоди, нумизматичкиот потенцијал, опусот на одбранбениот ѕид на внатрешното плато (акропола), извонредно доминантната позиција со далечни визуелни можности за контрола на целата котлина Пелагонија, од превојот Барбарас на север, теснецот Бучин, превојот Ѓавато, Битолско и целиот Лерински предел, визуелниот линк со Горни Краставец над Демир Капија, и секако доминантната суперопозиција врз големиот град (околу 12 хектари) на локалитетот  Старо Бонче, Бонче во западното подножје на врвот Висока, мотивираа организирање и реализирање на исклучително напорни археолошки кампањи на Висока во наредните години: 2006 (д-р В. Лилчиќ, д-р А. Јакимовски), 2007 (д-р В. Лилчиќ, д-р А. Јакимовски), и 2014 (м-р Д. Кебакоски).




*Сл. 107 - Карта со местоположбите на комплексот локалитети: Висока, КО Крушевица / КО Бонче, Старо Бонче, КО Бонче, Цветково Градиште, КО Бонче, Павла Чука, КО Бонче / КО Подмол и Колкот, КО Бонче / КО Подмол*

[86] Lilčić (Adams) V., 2006, 593-605, со цитирана постара литература.

## Археолошкиот комплекс Висока & Старо Бонче

### 18. Висока – Ќаве – Цуцул, Крушевица, акропола на Пелагонија

Археолошкиот локалитет Висока се состои од два посебно утврдени сегменти. Акропола-дворец и Град расположен околу северната, источната и јужната страна на акрополата.




*Сл. 108 - Висока, КО Крушевица / КО Бонче, од запад*

**1. Акрополата со дворецот** била оформена околу највисоката карпа на Висока. Врвот го нарекуваат уште и Цуцул и Ќаве.[87] Акрополата има приближно петоаголна форма, согласно конфигурацијата на теренот. Западната страна, по речиси целата должина е природно бранета со карпестиот врв, и има должина 70 метри. Североисточната страна е воглавно карпест отсек, долг 42 метри. Јужната страна се издига над вештачки просечената одбранбена фоса во карпите и била оформена со одбранбен ѕид долг 27 метри. Источната страна се состои од покус (12 м.) северен, и подолг (25 м.) јужен дел од ѕидот. Во северниот дел од јужниот дел од одбранбениот ѕид, уште во раната антика, била оформена влезна порта во акрополата.

[87] Кота E 7.552.129 m / N 4.562.885 m.



*Сл. 109 - Висока, археолошкиот тим што ги започна првите археолошки ископувања*

Вака оформената акропола е голема 70 х 45 метри. Поседува корисна станбена површина од 1500 метри квадратни (0.15 ха.) а заедно со карпата Цуцул изнесува 2600 $м^2$ (0.26 ха.). Ѕидот околу акрополата е раноантички. Се работи за конструкција на камени блокови, што биле екстрахирани од карпестиот масив на Цуцул. Во неговата закосена, источна падина, сеуште се гледаат остатоци од типична античка експлоатација на камените блокови. Блоковите наменети за одбранбениот ѕид, биле на лице место дообработувани и монтирани во масивниот раноантички ѕид. Според неговиот опус, видлив на источниот ѕид, се работи за комбинирање на изодомум и псеудоизодомум. При тоа, горните два а можеби три и повеќе редови, биле полагани во техниката изодомум но, долните редови и опусот на влезниот коридор биле изведени типичен псеудоизодомум. Ваквиот ѕид околу акрополата датира од периодот на раната антика, и тоа од 4 век пред н.е. Во овој момент, без пообемни археолошки ископувања, не може да се види, дали истиот бил обновуван и во доцната антика и подоцна. Сепак, на теренот, особено во северниот дел на благата падина околу акрополата, се видливи на површината многу контури од станбени објекти со квадратни и правоаголни форми, што секако датираат од доцната антика. Регистриравме неколку простории потпрени директно на северниот ѕид однатре.




*Сл. 110 - Висока, КО Крушевица / КО Бонче, план на акрополата В. Л. Адамсен*

**2. Градот** бил оформен околу акрополата со издолжено протегање на јужната страна. Тој се состои од северен, источен и особено голем јужен дел, оформени на понизок терен околу акропопата. Тој е ориентиран од север кон југ во должина од 350 метри. Во северниот дел е широк 100 метри, додека кон југ, станбената површина се стеснува на 70 метри во средина, 45 метри на јужниот дел и 12 метри на јужното клиновидно чело што се издига на крајната јужна карпеста точка. Во источната падина на овие карпи, во средниот век, во карпите биле издлабени десетина правоаголни гробови од типот циста. Истите биле отворени и денес се потполно празни.Вкупната површина на вака оформениот град изнесува 1700 метри квадратни (1.7 ха). А вкупната површина заедно со акрополата изнесува 19.600 м$^2$ (приближно 2 хектари).

Видливата и особено маркантна фортификациска рамка околу градот, претставува доцноантичкиот/рановизантискиот градски ѕид. Тој бил оформен, веројатно само околу северната и долгата источна страна. Карпестата вертикала на западната страна не побарувала ѕид. Северната, заоблена ѕидна траса, во должина од 90 метри, затвора долга станбена тераса североисточно под акрополата, исполнета со најмалку 9 простории, оформени однатре ѕидот и најмалку 10

простории во внатрешниот појас, непосредно пред и околу акрополата. Источниот градски ѕид, од аголната точка на прекршување со северниот, бил проектиран во должина од 285 метри, кон југ, се, до јужното клиновидно градско чело. Вака терминираната градска површина има издолжена триаголна форма. Повисока на северниот дел а пониска за околу 10 метри на јужната страна. На теренот се видливи многу простории. Дел од просториите на западната и северната страна, биле делумно оформени во самите карпи, додека поголемиот број биле ѕидани во *opus incertum* и тоа претпоставуваме во 6 век н.е.




*Сл. 111 - Висока, КО Крушевица / КО Бонче, план на внатрешниот дворец В.Л.Адамсен*

Одбранбениот ѕид бил граден исто така во opus incertum, во скромна малтерна техника. Регистриравме особено слаб и постар ѕид, претпоставуваме од 4 век пред н.е. и споменатиот доминантен, помлад ѕид, што датира најверојатно од 6 век н.е.

Движните археолошки наоди откриени во градот и акрополата,[88] зборуваат за долг временски континуитет на егзистенција во градот, и тоа од раната антика до средниот век, можеби со куси прекини. Откриени се монети на македонските кралеви Филип II, Александар III, Антигон Гонат и Деметриј II. Потоа бронзен дупондиус на Нерон, сребрен денар на Гордијан, мали бронзени апоени на Констанциј и Аркадиј, како и поголем број монети на рановизантиските цареви

[88] Тука ги издвојуваме позначајните наоди од првите археолошки истражувачки кампањи пред 2014 година. Археолошките наоди од кампањата 2014 година и целокупните сознанија за локалитетот ќе бидат предмет на посебна археолошка студија.

од 6 век н.е. Откриен е и еден средновековен византиски ураниск (скифат) од почетокот на 13 век н.е. Откриено е множество раноантичка градежна керамика, делови од лаконски покривни тегули, садова керамика а од металните движни наоди внимание привлекуваат една рана лачна фибула и една доцноантичка, крстовидна фибула. Дел од бронзена вага, бронзена ламиновидна апликација за кожен ремен со специфична ромбоидна декорација, со најблиски аналогии од Кале село Лера и од околината на Кале, Кажани Битолско. Потоа една бронзена ексагија во вредност на една номизма, појасна тока Сучидава тип од 6 век.



*Сл. 112 - Висока, Крушевица / Бонче, влезот во дворецот*







*Сл. 114 - Висока, Крушевица*
*Бонче, оловен проектил за праќа*




*Сл. 113 - Висока, Крушевица, бронзена парагнатида од шлем со претстава на Горгона Медуза*

*Сл. 115 - Висока, Крушевица*
*Бонче, бронзен дел од лебес*



*Сл. 116 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Филип II*



*Сл. 117 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Александар III*



*Сл. 118 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Касандар*



*Сл. 119 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Антигон Гонат*



*Сл. 120 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Филип V*



*Сл. 121 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Филип V*



*Сл. 122 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Филип V*



*Сл. 123 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Автономна Македонија*



*Сл. 124 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Автономна Македонија*



*Сл. 125 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Персеј*



*Сл. 126 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Пела*



*Сл. 127 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Амфиполис*



*Сл. 128 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Амфиполис*



*Сл. 129 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Ботиаја*



*Сл. 130 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Нерон*



*Сл. 131 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Гордијан*



*Сл. 132 - Висока, Крушевица / Бонче, монета на Александар III Македонски коинон Бероја*

## 19. Старо Бонче, Бонче, долен град Пелагонија

Археолошкиот комплекс Старо Бонче се простира на североисточниот дел од Пелагониската котлината, поточно во западното подножје на Селечка планина помеѓу прилепските села Бонче и Подмол. Природните биогеографски погодности овозможиле континуиран развој на живеење во сите временски периоди, од праисторијата па се до денес. Пелагонија отсекогаш била и крстосница на значајни патни комуникации.

Во Археолошката карта на Република Македонија под село Бонче се евидентирани три локалитети,[89] а под село Подмол се регистрирани четири локалитети.[90] Со интензивни истражувања и рекогносцирања во рамки на проектот ,,Систематски Археолошки истражувања на Старо Бонче" периодот од 2007 до 2024 година се откриени и истражувани уште петнаесетина нови археолошки локалитети. Со овие истражувања, станува јасно дека е неопходно ревидирање на Археолошката карта, односно внесување на новоевидентираните локалитети, како и допрецизирање на карактерот на оние кои се веќе заведени во неа.



*Сл. 133 - Археолошки комплекс Старо Бонче, сликано од врвот Висока*

[89] Б. Бабиќ – Б. Китаноски, 1996, 282.
[90] Б. Бабиќ – Б. Китаноски, 1996, 307.

Историјатот на истражувања на просторот кој го опфаќа комплексот Старо Бонче може да се следи од почетокот на XX век, кога за време на Првата Светска војна во Пелагонија и соседната област Мариово оперирале француските и германските воени сили. Иако не постојат пишани податоци, во колективната меморија на локалните жители се памети за одредени ископувања на монументалната гробница на локалитетот Павла Чука. Подоцна, помеѓу двете Светски војни во 1936 година, Н. Вулиќ, врши истражувања на овој репрезентативен објект, при што го открива и засводениот ходник – дромос.[91]

Со превземените истражувања на археолошкиот локалитет на врвот Висока (кој доминира над долниот простор - комплекс Старо Бонче) во 2005 година, под раководство на В. Лилчиќ од Институтот за историја на уметност и археологија при УКИМ - Скопје, произлегува сознанието за поврзаност на двата локалитети во рамки на една поголема урбана целина, составена од горен дел - акропола која има геостратешки карактер, можеби со резиденцијален објект или светилиште и долен населбински дел со некрополи.



*Сл. 134 - Павла Чука, Бонче / Подмол, и високата акропола на врвот Висока во позадина*

[91] N. Vulić, 1937, 611-612.

Секако, значаен дополнителен поттикнувачки момент за започнување на сериозни и поопсежни истражувања на поширокиот простор, претставува случајното откривање на делови од три штитови кои припаѓале на војници од личната гарда на македонскиот крал Деметриј на локацијата Долен Град.[92]



*Сл. 135 - Старо Бонче, дел од штит на македонскиот крал Деметриј Полиоркет*



*Сл. 136 - Старо Бонче,реконструкција на еден од штитовите*

Сумирајќи ги наведените сознанија, дополнето со анализа на случајните движни археолошки наоди кои се чуваат во НУ Завод и Музеј - Прилеп,[93] во 2006 година започнува научно истражувачкиот проект „Систематски археолошки истражувања на комплексот локалитети Висока - Старо Бонче„ во организација на Филозофскиот факултет од Скопје, во соработка со НУ Завод и Музеј - Прилеп.[94] Во рамки на овие истражувања паралелно се работи на локалитетот Висока и на долниот простор, односно на наоѓалишта во рамки на комплексот Старо Бонче. Во периодот од 2007 до 2024 година,[95] со цел да се добијат податоци за карактерот и хронолошката припадност, реализирани се ископувања на следните локалитети: Павла Чука, Долен Град, Грамаѓе - Ѕидот, Грамаѓе под три камна, Голема Спаница, Мала Спаница, Грамаѓе под Голема Спаница, Грамаѓе на Петочна вода и Плато над Каменолом (Горна Преслапта), Дупнатица, Црквиште – Подмол и Бања – Подмол. На останатите локалитети кои не се археолошки ископувани, из-

[92] Со две некоординирани акции, проф. д-р В. Лилчиќ Адамс, заедно со проф. д-р Д. Митревски и проф. д-р А. Јакимовски од Филозофскиот факултет во Скопје и археогот Д. Темелкоски од Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј Прилеп, успеавме да спасиме во текот на летото, заклучно со октомври 2006 година, околу 146+6 бронзени ламаринести делови од штитовите. Од овие делови реконструирани се три македонски штитови, кои се едни од најзначајните археолошки предмети.

[93] Воглавно станува збор за нумизматички материјал, случајно пронајден од страна на мештаните.

[94] Раководител на проектот е проф. д-р Виктор Лилчиќ.

[95] Раководител на проектот е проф. д-р Антонио Јакимовски.

вршено е фото документирање и гео-позиционирање на карта. Во овие ископувања учествуво земаа повеќе археолози, архитекти, како и студенти од Институтот за историја на уметност и археологија и Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје.

Врз основа на наодите од истражувањата веќе се оформи поконкретна претстава за хронолошката припадност и карактерот на локалитетите, нивниот взаемен соодност и рамката на населбинско егзистирање, како и погребување на овој простор во минатото.

### 1. Старо Бонче

Јадрото на локалитетот, или долниот град на Старо Бонче, се состои од голема триаголна површина, ограничена со горниот дел од Рашков Дол на север и Длабок Дол на југ, со просечна големина од 111.841 м$^2$ (11.18 ха.).[96]
Заедно со просторот на локалитетот со работен назив Зимска палата, југоисточно од Старо Бонче (КП 2040, 2042, 2260/1), вкупната површина на овој импресивен антички град ја надминува бројката од 12 хектари. Просторот благо се спушта од исток кон запад. Поделен е со повеќе тераси, на кои се гледа множество археолошки материјал, фрагменти и делови садова и градежна керамика. На самата површина се чувствува разлеаната плитерна архитектура од некогашните антички градби. Пред археологијата претстои голема и обврзувачка задача за археолошко истражување на локалитетот.




*Сл. 137 - Археолошки комплекс локалитети Старо Бонче, Висока, кандидати за убикација на градот Пелагонија, геореференцирана карта В. Л. Адамсен*

[96] Кота во средиштето на градската населба: E 7.550.693 m / N 4.563.525 m.

Во 2007 година, поттикната од уникатноста на гробницата на локалитетот Павла Чука, започна кампања за нејзино понатамошно истражување и документирање, а со откривањето на кружниот ѕид на гробницата, овие истражувања прераснуваат во систематски археолошки ископувања. Во рамки на Проектот истражувани се неколку антички градби, голем број гробови од архајскиот и раноантичкиот период 6-3 век п.н. е., кои се најбројни, потоа римски, доцноантички и средновековни некрополи. Пронајден е голем репертоар од движен археолошки материјал, керамички садови и фигурини, бронзени штитови, копја, бронзени статуетки, над 150 сребрени и бронзени монети, сребрени и бронзени фибули, нараквици, обетки, прстени и др., разновиден археолошки материјал кој многу ни помага да ја комплетираме сликата за животот и населението на овој простор.



*Сл. 138 - Избор на метални предмети пронајдени во рамки на проектот*



*Сл. 139 - Избор монети на македонските кралеви пронајдени во рамки на проектот*



*Сл. 140 - Избор керамички и бронзена фигурина пронајдени во рамки на проектот*



*Сл. 141 - Избор керамички садови пронајдени во рамки на проектот*

Резултатите од истражувањата во рамки на проектот се претставени на повеќе научни симпозиуми и предавања, на четири годишни изложби во Археолошкиот музеј на Македонија во Скопје од 2013 до 2016 година, а објавени се и повеќе публикации, стручни и научни текстови.[97] Резултатите од овие истражувања одат во прилог на наведената теза за локацијата на античкиот град Пелагонија, главен град на Пелагонците во раната антика, а подоцна и главен град на четвртата македонска мерида во областа Старо Бонче.[98]

Најрепрезентативен е објектот лоциран на локалитетот Павла Чука, каде што беа сконцентрирани најголемиот дел од археолошките истражувања. Станува збор за владетелска гробница која е една од најубавите раноантички градби на нашата територија и пошироко. Ископувањата ги започнавме во 2007 година на единствениот видлив дел, влезот во засводениот дромос, покриен со ерозивниот талог. Уште при самото започнување на ископувањата откриени се неколку камени блокови идентични по обработка и форма како блоковите од засводениот дромос. Со понатамошните истражувања се откри дека овие блокови всушност биле дел од монументален ѕид, кој што во вид на прстен ја опкружувал гробницата. По ова фасцинантно откритие на виделина излезе протогената уникатна архитектонска концепција, по што археолошките истражувања на објектот преминаа во систематски.

Со ископувањата се евидентира пречникот на периметалниот ѕид од 32 м., при што целосно ги опкружува централните елементи на гробницата, засводениот ходник - дромосот, преткоморатa и комората.

Неколку метри источно од влезот во тумулот, регистриран е определен број монолитни камени блокови. Површински гледано во моментот на откривањето тие навидум беа растурени без некој ред, а покрај кружниот периметрален ѕид од неговата надворешна страна.

---

[97] Јакимовски А., **Macedonian Royal Tomb at Staro Bonche**, Macedonian Heritage No. 38-39, Skopje 2011.; Јакимовски А., **Das königliche makedonische Grab in der Nähe von Bonče**, Folia archaeologica Balkanica II, Skopje 2012.; Jakimovski A., **Das königliche Grab aus Staro Bonče,** The Clash of Cultures? The Celts and the Macedonian World, Manching 2014 (in print).; Lilcikj V., Jakimovski A., **Visoka and Staro Bonce,** Skopje 2015.; Лилчиќ В., Јакимовски А., **Висока и Старо Бонче,** Скопје 2016.; Jakimovski A., **ANTIQUE CULT BUILDINGS FROM STARO BONČE,** GIVING GIFTS TO GOD, Kumanovo 2017, 129 – 135.; Jakimovski A., **Complex of the Archaeological Sites of Staro Bonče,** Folia archaeologica Balkanica IV, Skopje, 2018, 205 – 256.; Јакимовски А., Темелкоски Д., **Археолошки локалитет Павла Чука**, Археолошки информатор 3, Прилеп 2019, 63–74.; Јакимовски А., Темелкоски Д., **Археолошки локалитет Павла Чука**, Археолошки информатор број 4, Прилеп 2020, 21-31.; Јакимовски А., **Project Staro Bonče,** SCIENCE AND SOCIETY CONTRIBUTION OF HUMANITIES AND SOCIAL SCIENCES, Skopje 2021, 123-136.

[98] Lilčić (Adams) V., 2006., 593-605.; Лилчиќ В., Кебакоски Д., 2006, 22.; Lilcikj Adams V.– Jakimovski A., 2015.;



*Сл. 142 - Гробницата на локалитетот Павла Чука – Старо Бонче*

Но во продолжение, на источната страна од нафрлените блокови евидентиран е еден ѕид, Од овој ѕид *ин ситу* останале само два реда камени блокови. Токму овој единствено сочуван ѕид наведува на размислување дека станува збор за објект со издолжена правоаголна форма, односно дека најверојатно е тоа Хероон.

Откриен беше и дел од пристапниот коридор кон внатрешноста на гробницата. Бил издлабен во карпа и во вид на благо наведната рампа се спушта до влезот во тумулот, односно до почетокот на засводениот ходник - дромос.



*Сл. 143 - Гробницата на локалитетот Павла Чука – Старо Бонче*



*Сл. 144 - Гробницата на локалитетот Павла Чука – Старо Бонче*

Дромосот бил конструиран од монументални правоаголни камени блокови, со должини од 2 до 3 м. и до околу 0,60 м. во широчина и височина. Сочуван е мошне солидно, единствено недостасуваат неколку блока. Должината на дромосот е 11 м., додека височината на неговиот јужен крај (неговиот почеток) изнесува 3 м., а на северниот крај пред влезот во преткомората е со височина од 3.20 м. Приодот, односно влезот од отворениот коридор во засводениот дромос бил затворен (блокиран) со камени блокови, идентични по форма и изработка со оние од надворешниот кружен ѕид и самиот дромос. Всушност, од тоа место почнува затворениот дел на гробницата.

Комората и преткомората на гробницата биле конструирани од помали стандардизирани блокови бигор. Комората и преткомората биле одделени со двокрилна врата, од која се откри мермерниот праг со забележителни отвори за кланфи. Речиси идентичен ваков мермерен блок - праг има и на влезот од засводениот дромос во преткомората, што најверојатно значи дека постоела уште една врата на тоа место. На дното на комората евидентирани се прилепени бигорни блокови до ѕидовите на комората, поставени во форма на кирилична буква Г (Сл. 28). Според позиционираноста најверојатно служеле како клине-а каде се поставувале гробните дарови. Најголемата сочувана височина на ѕидовите од комората изнесува 2 м. За жал, со истражувањето на внатрешноста на гробницата не се откриени никакви движни наоди. Не се откриени ниту било какви архитектонски декоративни елементи, а ваков монументален објект морал да ги поседувал.

Преткоморaта и комората биле изградени откако претходно била исечената карпата, така да е добиен простор со димензии 8 м. од исток кон запад и 7 м. од север кон југ. Преткоморaта е со внатрешни димензии 1,5 x 3,5 м., додека комората е со должина од 4 м. и широчина од 3,5 м.[99]

Датацијата на гробницата е од 325 - 300 год. п.н.е.,[100] изведена на база на аналогни објекти, а подоцна во 2012 година со ископувањата на гробницата во Амфиполис, потврдена. Оваа гробница од Амфиполис е до сега најслична на гробницата лоцирана на археолошкиот локалитет Павла Чука.



*Сл. 145 - Дромосот на гробницата*



*Сл. 146 - Предкомората и комората*

Според досега евидентираните локалитети во периодот од 2006 до 2024 година, можно е да се направи прелиминарна слика на археолошкиот комплекс Старо Бонче, кој секако има огромен потенцијал. Според документираните локалитети, истражувањето на некои од нив, анализата на пронајдениот движен и недвижен археолошки материјал, можеме да лоцираме раноантички град кој егзистирал од 5 век п.н.е. до крајот на 4 век п.н.е. во областа Старо Бонче, ограничена со големиот број некрополи што ги истражуваме. Подоцна настанува хиатус

[99] A. Jakimovski, 2011, 38-39.; A. Jakimovski, 2012, 165-180.; Lilchikj Adams V.,– Jakimovski A., 2015, 34-41.; A. Jakimovski, 2017, 131-136.

[100] Јакимовски А., 2011.; Јакимовски А 2012.; Lilcikj V., Jakimovski A., 2015.; Лилчиќ В., Јакимовски А., 2016.; Јакимовски А., 2021, 123-136.

во месноста Старо Бонче, односно имаме ретки наоди од средината на 3 век до 2 век п.н.е. За разлика од нив, во атарот на денешното село Подмол, според досегашните сознанија, ни укажуваат за постоење на населба која постои од 2 век п.н.е. до крајот на антиката. Досега не се направени поголеми истражувања во селото Подмол, но според случајни наоди и неколку сонди можеме доста прецизно да ја лоцираме населбата во северниот дел на Подмол.

Ова е периодот кога во овој североисточен дел на Пелагониската котлина се развива моќно кнежевство на Пелагонијците.

Големиот број досега откриени некрополи, опишани погоре и неколку градби, меѓу кои секако се издвојува монументалната гробница од македонски тип на локалитетот Павла Чука, единствена на овие простори, се забележителни наоди кои даваат многу веројатна претпоставка за локацијата на античкиот град Пелагонија, главен град на Пелагонците во раната антика, а подоцна и главен град на четвртата македонска мерида во областа Старо Бонче.




*Сл. 147 - Локација на локалитети на Археолошкиот комплекс Старо Бонче*

*Горно Маало; 2. Училиште - Горна црква; 3. Кутлиште; 4. Павла Чука; 5. Колкот; 6. Голема Сланица; 7. Мала Сланица; 8. Вигна; 9. Грамаѓе под Голема Сланица; 10. Долен Град; 11. Каменолом; 12. Плато над Каменолом (Горна преслапта); 13. Грамаѓе - Sugот; 14. Грамаѓе под три камна - римска некропола; 15. Грамаѓе под три камна - раноантичка некропола; 16. Грамаѓе на Петочна Вода; 17. Кладенец под Грамада под три камна; 18. Дупнатица; 19. Плаза; 20. Црквиште;*

*Список на Локалитети:*

1. **Горно маало – Подмол**; 41°12'00.21" Н; 21°34'00.29" Е; н.в. 678 м.
2. **Училиште; Горна Црква**; (41°12'00.21" Н; 21°34'00.29" Е; Н.В. 678м)
3. **Кутлиште**; (41°12'05.75" Н; 21°34'18.80" Е; Н.В. 688м)
4. **Павла Чука**; (41°12'24.32" Н; 21°35'18.30" Е; Н.В. 761м)
5. **Колкот**; (41°12'16.84" Н; 21°35'34.07" Е; Н.В. 850 м)
6. **Голема Спаница**; (41°12'44.95" Н; 21°35'30.42" Е; Н.В. 779 м)
7. **Мала Спаница**; (41°12'32.90" Н; 21°35'32.35" Е; Н.В. 769 м)
8. **Вигна**; (41°12'46.72" Н; 21°35'22.41" Е; Н.В. 765 м)
9. **Грамаѓе под Голема Спаница**;(41°12'50.69" Н; 21°35'43.70" Е; Н.В. 807 м)
10. **Долен Град- Штитови**; (41°12'50.97" Н; 21°36'00.50" Е; Н.В. 834 м)
11. **Каменолом**; (41°13'07.58" Н; 21°36'00.74" Е; Н.В. 863 м)
12. **Плато над Каменолом**; (41°13'09.53" Н; 21°36'07.34" Е; Н.В. 884 м)
13. **Грамаѓе-Ѕидот**; (41°12'41.24" Н; 21°36'10.30" Е; Н.В. 869 м)
14. **Грамаѓе под Три Камна – Римска Некропола**;(41°12'39.27" Н; 21°35'56.83" Е; Н.В. 822 м)
15. **Грамаѓе под Три Камна**; (41°12'39.16" Н; 21°35'53.28" Е; Н.В. 814 м)
16. **Грамаѓе на Петочна Вода**; (41°12'34.44" Н; 21°35'48.03" Е; Н.В. 797 м)
17. **Црквиште**; (41°14'00.03" Н; 21°36'00.02" Е; Н.В. 825м)
18. **Дупнатица**
19. **Плаза**
20. **Бања - Подмол**
21. **Длабок Дол**

На овие локалитети се додадени и локациите: **Црква Св. Димитрија** во Село Подмол, **Стара Воденица** и **Црква Св. Јован Богослов** во Село Бонче, каде се депонирани мермерни декоративни елементи за кои не е познато потеклото, како и бројните археолошки артефакти пронаоѓани на локации во двете села кои сеуште не се целосно дефинирани.



*Сл. 148 - Проект Висока и Старо Бонче 2006 година, професорите В. Л. Адамс, Д. Митревски и подарувачот на 6 дела од штит на кралот Деметриј I Полиоркет*



*Сл. 149 - Старо Бонче, Бонче, монета на Филип II*



*Сл. 150 - Старо Бонче, Бонче, монета на Касандар*



*Сл. 151 - Старо Бонче, Бонче,*



*Сл. 152 - Старо Бонче, Бонче,*

*монета на Деметриј Полиоркет* *монета на Филип V*



*Сл. 153 - Старо Бонче, Бонче, монета на Персеј*



*Сл. 154 - Старо Бонче, Бонче, монета на* римскиот квестор Гај Тамиј Публилиј



*Сл. 155 - Старо Бонче, Бонче, монета на* римскиот квестор Гај Тамиј Публилиј



*Сл. 156 - Старо Бонче, Бонче, монета на Македонија (Четврта)*



*Сл. 157 - Старо Бонче, Бонче, монета на Македонија (Четврта)*

## 2. Колкот

На врвот од ридот Колкот,[101] што се издига југоисточно над Павла Чука, и јужно над Грамаѓе под Трите Камни и Св. Петка, се наоѓаат остатоци од идеално кружен објект, оформен со сувоѕид, со пречник 32 м. Б. Китаноски открил четири кружни, калотесто издлабени форми во живата карпа. Проф. д-р А. Јакимовски забележувајќи го речиси идентичниот дијаметар помеѓу градбите, на Колкот и гробницата на Павла Чука, претпоставува дека постоеле засега неизвесни култни релации, што веројатно би се решиле во продолжителните археолошки истражувања на двата локалитети.[102]



*Сл. 158 – Детал од кружниот ѕид на Колкот*

[101] Кота: E 7.550.160 m / N 4.562.513 m.
[102] Jakimovski A., 2017, 129 – 135.




*Сл. 159 – Локалитетот Колкот во однос на Павла Чука и Висока*

**Фортификациски одбранбен систем околу Висока-Старо Бонче**

Во текот на истражувањата на локалитетите Висока и Старо Бонче, нашето внимание го привлекоа четири утврдувања што се наоѓаа околу археолошкиот комплекс.

**20. Градиште Цветково, Бонче, кастел стража**

Градиште Цветково, го забележавме уште во текот на првата експедиција на Висока во 2005 година, бидејќи маршрутата не водеше од северната градска некропола Вампирот, наугоре точно на источното седло на оваа мала но силна фортификација, меѓутоа, истата е документирана во 2007 година. На планинската падина што се спушта северозападно од Висока, на 1.177 км., се наоѓа мало планинско плато, кота 1177 м.,[103] што било фортифицирано со одбранбен ѕид од крупни камења, на места дури и масивни блокови. Тврдината има издолжена форма, ориентирана северозапад - југоисток, голема 115x87/50 м., со карактеристично истакнато фронтално чело кон широкото планинско седло на југоисточната страна. Не се регистрирани никакви керамички фрагменти освен моќниот периметрален одбранбен ѕид. Оптималното датирање на оваа, очигледно воено-стратегиска фортификација за одбрана на приодот кон акрополата на Висока, би било во раната антика (5-4 век пред н.е.). Тврдината доминира над долниот град на Старо Бонче.

[103] Кота: E 7.551.544 m / N 4.563.855 m.



*Сл. 160 - Цвешково Градишше, Бонче, од североисшок*




*Сл. 161 - Цвешково Градишше, Бонче, џлан В. Л. Адамсен*



*Сл. 162 - Цвешково Градишше, Бонче, одбранбен ѕид дешал*




*Сл. 163 - Визура од акройолаша Висока на Цвешково Градишше, Бонче, Веслец, Марул, йревојош Слива и Маркови Кули, Варош*

## 21. Веслец, Марул / Штавица / Бонче, кастел стража

Тврдината Веслец на доминантниот карпест рид што се издига на 2.9 км. северозападно од селото Бонче е документирана во 2007 година. На врвот е речиси голо карпесто, издолжено плато, кота 1322 м.[104]



*Сл. 164 - Веслец, Марул, од североисток*

На североисточната страна кон планинското седло е природно клиновидно. Веднаш под челото забележавме одбранбен ров со кој бил просечен ридот под клиновидното чели со правец кон запад за околу 100 метри. на околу 80 метри источно од клиновидното чело регистриравме ѕид (32 м.) со попречна ориентација на планинската падина. Не е јасно дали се работи за типичен одбранбен предѕид или за терминација на долгото северно подградие. Карпестото плато на југозапад се проширува, а теренот благо се спушта надолу до остар карпест раб. На северната страна се гледа земјен раб, што индицира траса на одбранбен ѕид. Долгата југоисточна страна на платото исто така има остар карпест раб. Широк сувоѕид од кршени, редени камења се протега на југозападната страна. Тој има

[104] Кота: E 7.548.096 m / N 4.566.620 m.

заоблен правец, заобиколувајќи го подножјето на споменатото карпесто плато, со просечна дистанца од неговото подножје за 35 м. на југ, 43 м. на ј/з, 50 м. на југозапад.




*Сл. 165 - Веслец, Марул, план В. Л. Адамсен*

Овој југозападен ѕид води кон подножјето на карпестото плато и веројатно во минатото се искачувал кон споменатиот северозпападен земјен раб на акрополата. Додека истиот ѕид на северната северозападната страна продолжува на север, обиколувајќи едно долго северно подградие. Максималната големина на фортификацијата изнесува околу 296х190 метри, површина од околу 6 ха. Не се откриени движни наоди, освен еден аморфен керамичен фрагмент.

Опишаната тврдина на доминантниот врв Веслец (1322 м.), се наоѓа на 2.3 км. западно југозападно од планинскиот премин Слива (1136 м.), на кој од дамнини водел прастар пат од Пелагонија кон наредниот премин Момирица кај раселеното село Писокал, и се спуштал во Мариово кон Црна Река. Од Момирица на југ, на дистанца од 8 км., водел приодниот пат кон акрополата на Висока. Претпоставуваме дека токму во оваа географско-археолошка конотација треба да се бара одговорот за функцијата на тврдината на Висока. Конкретно стационирање на

голем воен контингент во еден момент од раната антика, за одбрана на приодот кон акрополата на Висока.



*Сл. 166-168- Веслец, Марул, периметралниот одбранбен ѕид детали и опус снимени на јужниот дел*

## 22. Градиште Младеница, Крушевица, кастел стража

Локалитетот се наоѓа на 1.214 м. западно од селската црква Св. Архангел во Крушевица. Малото, рамно плато од ридот, кота 939 м.,[105] над западната периферија на село Крушевица, во раната антика бил ограден со одбранбен сувоѕид со варијабилна просечна широчина од 1.6/2.2 м. Ѕидот затвора неправилна издолжена триаголна форма, голема 80х45 м. Се среќаваат фрагменти садова керамика, особено по падините. Утврдувањето било интензивна мета на илегалните трагања.[106] Утврдувањето се наоѓа на 1.95 км. источно од Висока.




*Сл. 169 - Градиште Младеница, местоположба (подлога AREC)*

Како што се гледа од конфигурацијата на теренот, ако се тргне од Градиште Младеница на запад северозапад, преку потезите Младеница, Смрдлаец, се пристига речиси директно до Висока. Трасата мери околу 2.5 км., и е напорна но, по неа агресорите во минатото многу бргу можеле да пристигнат до Висока. Од површинското истражување и документирањето на планиметријата на тврдината во 2005 година, проф. д-р В. Лилчиќ Адамс со м-р Дејан Кебакоски, не успеваат

[105] Кота: E 7.554.083 m / N 4.562.824 m.

[106] Кружат непроверени гласини дека на локалитетот биле откриени сребрен денар на Цезар и шлем.

попрецизно да ја дефинираат хронологијата на културниот хоризонт. Регистирани се две широчини на одбранбениот ѕид. На јужната страна 2.2 м., додека на едно место на југоисточниот дел пред јужното карпесто чело е 1.6 м. Се работи за невоедначено широк сувоѕид, што можеби зборува за брза градба.



*Сл. 170 - Градиште Младеница, од југоисток*




*Сл. 171 - Градиште Младеница, план В. Л. Адамсен*

## 23. Кале Бобиште, Мојно / Орле, кастел стража

Локалитетот Кале Бобиште, го забележал д-р Ј. Трифуноски, во атарот на селото Лопатица,[107] меѓутоа кога го посетивме, во 2010 година, утврдивме дека се наоѓа на самата граница на атарите на селата Мојно (општина Могила) и Орле (општина Новаци). Утврдувањето се наоѓа на издадениот карпест срт што се наоѓа јужно а под врвот Бобиште, 1228 м.[108]




*Сл. 172 - Кале Бобиште, КО Мојно / КО Орле, местоположба (подлога AREC)*

Тврдината Кале Бобиште има неправилна српеста форма, голема 165x80 метри на површина од 0.54 ха. Одбранебната линија на запад ја чини неправилен карпест раб , додека на источната страна бил оформен долг заоблен одбранбен сувоѕид кој бил надграден со плитерна архитектура, што низ вековите се распаднала и го покрила ѕидот. Но Денес претставува извонредно видлив во вид на тераса-ешарпа. Дел од овој ѕид е видлив на северниот дел од ешарпата. Долж самото подножје на ешарпата (која што има височина од околу 5 метри), евидентирав-

[107] Трифуноски Ј., 1998, 129.

[108] Кота: E 7.550.551 m / N 4.557.475 m.

ме ниво на стар пат, што се протега во целата должина на ешарпата. Вака утврденото плато со наклон од север кон југ, на северната страна е поврзано со масивот Бобиште преку тесно планинско седло. На површината немаше видливи остатоци од било какви артефакти, керамика слично, освен една железна потковица.



*Сл. 173 - Кале Бобиште, КО Мојно / КО Орле, од север*

Согласно местоположба, утврдувањето на Кале Бобиште очигледно имало стратегиски значај. Овој рид доминира, над селата Мојно и Орле, но и над археолошкиот локалитет Лилјак. Тоа е мала железнодобна утврдена населба, на доминантната кота 999 м., на точно 1 км. јужно од Кале Бобиште.[109] Од платото на Кале Бобиште се отвораат извонредни визури кон утврдувањата: Грунишки Вис, село Груниште, Тврди Град, село Црничани, Еленик, село Мојно. Претпоставуваме дека оваа тврдина била оформена директно во тврдинскиот систем за одбрана на

[109] Утврдената населба на локалитетот Лиљак, В. Лилчиќ Адамс ја истражувал и документирал на 08. 07. 2010 год. кога е е снимен планот на локалитетот. Тој е со големина 170x85 м, со посебно оформена северозападна станбена тераса. Одбранебниот ѕид бил проектиран помеѓу масивните карпи на источната и на јужната страни. Многу фрагменти и делови од рачно работена садова керамика датираат од Железното време, 9-8. век пред н.е.

Висока, бидејќи непријателски групи лесно можеле да пробијат долж планинскиот срт, од Бобишта преку котите Скинато – Марини Уши – Мургова Нива / Грбо Брдо – Висока.




Сл. 174 - Кале Бобиште, КО Мојно / КО Орле, план В. Л. Адамсен



Сл. 175 - Кале Бобиште, КО Мојно / КО Орле, источниот одбранбен ѕид детал

## Утврдувања јужно од Комплексот Висока-Старо Бонче

### 24. Еленик, Мојно, град

На ридот Еленик, 1.85 км. северно од селската црква на Мојно, се наоѓаат остатоци на еден богат антички пелагонски град. Врвот од ридот, кота 856 м.,[110] бил опколен со одбранбени ѕидови и станбени тераси. Утврдената форма е голема 225x100 метри и мери точно 1 хектар површина. Се истакнува централна акрополна површина, две источни тераси и долга закривена северозападна западна тераса. И. Микулчиќ, кој ги истражувал локалитетите околу селото Мојно, споменувајќи ги наодите на монети на Амфипол, Филип II, Касандар, Филип V, Персеј, Пела, Тесалоника, правилно проценил дека на Еленик се развил значаен утврден

[110] Кота: E 7.547.596 m / N 4.558.010 m.

пелагонски град.[111] Наспроти извонредното значење на древниот пелагонски град на локалитетот Еленик, беа реализирани само четири теренски посети, и тоа на И. Микулчиќ и В. Л. Адамс, со методот на археолошкото рекогносцирање, што е недоволно за уште посериозното осознавање на културните хоризонти на древниот град, неговата заштита и активирање во локаниот културен развој на општината Могила.[112]



*Сл. 176 - Еленик, Мојно, од запад*



*Сл. 177 - Еленик, Мојно, дел од теракота на женска фигура*



*Сл. 178 - а, б, Еленик, Мојно, две бронзени протоми на волци*

[111] Микулчиќ И., 1970, 339, карта сл. 5; Mikulčić I., 2002, 277-278.
[112] Најголемиот дел од градот е покриен со приватната катастарска парцела 79, Мојно.




*Сл. 179 - Еленик, Мојно, план И. Микулчиќ (георефеиранцирал В.Л.А.)*

## 25. Лилјак, Мојно / Орле

Локалитетот се наоѓа на котата 999 м., на 2.63 км. источно с/и од селската црквата Св. Антонија во село Мојно, или 1.3. км западно с/з од црквата на село Орле. На темето од ридот се наоѓаат остатоци од мала железнодобна утврдена населба.[113] На теренот се гледаат многубројни делови и фрагменти од рачно работена садова керамика. Населбата била утврдена, голема 165x85 метри. Се истакнува северозападната долга станбена тераса. Додека на југоисточната страна одбранбениот ѕид бил проектиран и ѕидан помеѓу масивните карпи.

[113] Локалитетот е истражуван и документиран на 08. 07. 2010 година.



*Сл. 180 - Лилјак, Мојно, од север, од Кале Бобишта*




*Сл. 181 - Лилјак, Мојно, план В. Л. Адамсен*



*Сл. 182 - Лилјак, Мојно, северната станбена тераса, од југозапад*



*Сл. 183 - Лилјак, Мојно, керамичен декориран прешлен*

**26. Тврди Град, Црничани, градче**

Тврди Град претставува силна тврдина оформена на доминантниот рид, кота 840 м.,[114] на 1.4 км. јужно југозападно од црквата Св. Богородица на село Црнчани. Првиот премер и исцртување на фортификацијата го реализирал И. Микулчиќ,[115] а второто В. Л. Адамс.[116] На врвот од овој рид во периодот од раната антика била оформена силна тврдина голема 105х56 м., на површина од 0.48 ха.

[114] Кота: E 7.545.047 m / N 4.552.122 m.
[115] Mikulčić I., 2002, 261. И. Микулчиќ на ова место истакнува доцноантички културен хоризонт од 5-6. век н.е., што В. Лилчиќ Адамс во текот на своето истражување и документирање не успеал да го забележи.
[116] Документирано на 21. 06. 2006 година.

Нејзината егзистенција според остатоците на фрагментите садова керамика што ја видовме на локалитетот, датира од 7-4 век пред н.е. Нема подоцнежни наоди. Површината од неполн половина хектар ја негира идејата дека на ова место би можел да се лоцира градот Пелагонија. Воедно засега не може ниту да се зборува со сигурност околу со идентификување на карактерот на оваа тврдина во класата воено-стратегиска тврдина или утврдена населба, без посериозни археолошки интервенции – истражувања на локалитетот.



*Сл. 184 - Тврди Град, Црничани, од север*




*Сл. 185 - Тврди Град, Црничани, план В. Л. Адамсен*




*Сл. 186 - Тврди Град, Црничани, од југ од Кула, Мегленци*

**27. Градиште, Мегленци, град**

Градиште кај село Мегленци во општината Новаци претставува голема пелагонска, античка, градска населба со акропола, помало источно и поголемо југозападно подградие. Акрополата се наоѓа на котата 806 м.[117] Се работи за издолжено плато утврдено со одбранбен сувоѕид, големо 150x55 метри, приближна површина од 0.47 ха. На теренот забележавме чуновидни керамички тегови за ткаење, два фрагменти од т.н. мегарски чаши и многу делови и фрагменти садова керамика насекаде во просторот на подградијата. Животот во градот кој сеуште не е посериозно истражуван, освен посета на проф. д-р В. Лилчиќ Адамс во 2006 година, датира во 7-4 век пред н.е. и подоцна од 3-2 век пред н.е. Повлекувањето на неговото градско пелагонско население на други места (можеби Кале Долно Ореово), може да се должи или на несигурниот 2 и 1 век пред н.е. или на изместувањето на магистралниот Еригонски пат, во ново-востановената римска организација, на линијата Хераклеа – Стибера – Керамија – Плетвар – Аударист – Стоби.

[117] Кота E 7.544.672 m / N 4.548.192 m.




*Сл. 187 - Градиште, Мегленци, местоположба (подлога AREC)*



*Сл. 188 - Градиште, Мегленци, од исток*




*Сл. 189 - Градиште, Мегленци, план на акрополата В. Л. Адамсен*



*Сл. 190 - Градиште, Мегленци, дел од мегарска чаша откриен на преминот Самар*

## 28. Кула, Мегленци, утврдена населба

Кула, Мегленци претствува мала утврдена населба на 500 метри источно од црквата Св Великомаченик Талалеј во село Мегленци. Било искористено мало плато на сртот што се искачува од превојот Самар (150 м. источно од акрополата на Градиште, Мегленци), нагоре кон доминантниот врв Кула (1097 м.). Утврдената површина мери 45x25 метри.[118] На површината забележавме многу фрагменти од рачно работена железнодобна садова керамика.



*Сл. 191 - Кула, Мегленци од исток*



*Сл. 192-194 - Кула, Мегленци, рачно работена садова керамика, фрагменти*

[118] Кота: E 7.545.682 m / N 4.549.501 m.




*Сл. 195 - Кула, Меīленци, џлан В. Л. Адамсен*

## 29. Кале, Долно Ореово, град

Кале, Долно Ореово претставува голем доцноантички и средновековен пелагонски град. Во текот на истражувањата не откривме археолошки наоди од раната антика.[119] Градот бил оформен на доминантниот рид Кале (кота 946 м.),[120] вовлечен во планинските пазуви на Селечка Планина, на 2.9 км. северозападно од врвот Цаула (1434 м.), и на 1.3 км. источно од црквата Св. Тодор на село Долно Ореово. Ридот Кале се наоѓа помеѓу доловите на Градска Река што тече во неговото јужно подножје и долот Плоснаќ во северното подножје. Врвот на ридот бил утврден со цврст малтерен ѕид. Површината на фортфикацијата е издолжена елипсовидна голема 294x120/106 метри, вкупна површина од 2.8 ха. На највисоката карпеста кота на источната страна документиравме остатоци од објект, голем

[119] Истражувањата беа реализирани на 13. 06. 1997 година тим под раководство на професор д-р Коста Аџиевски, членови м-р В. Л. Адамс и Тони Филиповски-последипломски студии на историја, и студентот Андреј Трајковски.

[120] Кота мерена на акрополата: E 7.548.762 m / N 4.546.906 m.




*Сл. 196 - Кале, Долно Ореово, месшоиоложба (йодлоīа AREC)*



*Сл. 197 - Кале, Долно Ореово, од зайад јуīозайад*

19x15 метри, со ѕид широк 1.7 м., влез (широк околу 1.4 м.) во јужниот ѕид, до југоисточниот агол. Целиот внатрешен простор бил илегално прекопан. Така на површината се гледа ограбен гроб во објектот, до источниот ѕид. На западниот дел од градот документиравме три големи, видливи станбени тераси, над кои во источен правец биле уште најмалку два слични станбени појаси. Откриените движни наоди, пред се монетите од 4 и 6 век н.е., потоа наодите од 10-13/14 век н.е., недвосмислено зборуваат за агзистенција низ доцноантичкиот период и подоцна низ средниот век. На самиот раб на западната станбена тераса забележавме археолошка сонда меѓутоа немам информации што регистрирале колегите археолози, веројатно од Заводот и музеј Битола. Претпоставуваме дека градот го оформиле античките пелагонски жители од Градиште, Мегленци. Концентрацијата на овие локалитети како и крајпатната ранохристијанска базилика на Сланец, село Суводол,[121] како што воочил уште И. Микулчиќ,[122] се должи на локалниот пат од пелагонската котлина. Тој пат водел преку планинскиот премин Преслоп (933 м) и атарите на селата Маково и Рапеш, на Црна Река, и понатаму кон јужните мариовски села Старавина, Градешница, Будимирци.




*Сл. 198 - Кале, Долно Ореово, план В. Л. Адамсен*

[121] Месеснел Ф., 1937, 69-96.
[122] Mikulčić I., 2002, 273.

Според Микулчиќ егзистенцијата на Кале, Долно Ореово се должи и на потребата за контрола на провинциската граница помеѓу Македонија Прва и Македонија Втора, за што сметаме дека би требало попродлабочено да се дискутира во светлината на најновите сознанија за сите антички градови и тврдини во овој регион, а поготово во контекстот на хипотезите за убикација на градот Антанија на локалитетите Град Чебрен, село Зовиќ или Градот, село Манастир.



*Сл. 199 - Кале, Долно Ореово, одбранбен ѕид, opus incertum, детал*

### 30. Кале, Ивени

Локалитетот се наоѓа високо во планината, на околу 2.6 км. западно северозападно од селото. Се работи за мала утврдена позиција, плато опколено со карпи на јужната источната и западната страна и одбранбен ѕид на северната страна оформен од големи камени неправилно оформени камења. Се чини дека се работи за мал утврден планински збег од предисторијата.



*Сл. 200 - Кале, Гнилеш (Ивени), ӣремер на севернаӣа сӣанбена ӣераса*




*Сл. 201 - Кале, Гнилеш (Ивени), ӣлан В. Л. Адамсен*

## 31. Чепен, Брод

Се чини дека најјужниот град на Пелагонците во првата половина од I милениум пред н.е., поточно во 7-4 век пред н.е. бил градот на ридот Чепен. Првите информации во стручната литература за овој исклучително значаен пелагонски град датираат од 2009 год..[123] Локалитетот претставува доминатен рид оддалечен на 1.6 км североисточно од селската црква Св. Никола, село Брод, и исто толку од коритото на Црна Река, а за 244 метри над речното ниво.




*Сл. 202 - Месторположба на Чепен, Брод, и Градиште, Сливица (подлога AREC)*

Ридот е висок во просек 819 метри.[124] На врвот било утврдено издолжено плато, големо 375х95/127 метри, на површина од 3 хектари, со овално заокружени чела на север и на југ. Периметралниот одбранбен ѕид се гледа во остатоци, особено на југозападната падина но поголем дел е девастиран под дејството на ерозијата. На места се гледаат камени плочи, редени ортостатно во надворешното лице на ѕидот. Подобро е сочуван одбранбениот ѕид на североисточната страна. Таму се гледа долга тераса со истакнат раб, под кој е одбранбениот ѕид. Во текот на истражувањето и документирањето во 2009 година, во внатрешниот простор забележани се релјефно гледано, два дела. Поголемо станбено, северозападно

[123] Лилчиќ (Адамс) В., 2009., 110-114.
[124] Кота Е 7.549.029 m / N 4.535.624 m.

плато и помало, заокружено карпесто возвишение на југоисточниот крај, што можеби имало некаква култна намена за храм. На големата јужна падина се протега големо подградие, на кое видовме големо количество делови и фрагменти садова керамика, со карактеристики од првата половина од I милениум пред н.е. Очигледно е дека на ова пелагонско градче му припаѓала некрополата на Сарај, помеѓу јужната периферија на селото Брод и коритото на Црна Река, датирана од 1200-700 година пред н.е.[125]

Останува, првичната хипотетична интерпретација од 2009 година,[126] според која, овој голем град на Пелагонците, (претпоставка) бил под постојани напади на Линкестите во раната антика, при што населението било приморано да се повлече од бреговите на Црна Река, која постанала гранична линија помеѓу двете кралства во натамошните векови од 7 век пред н.е., да се потврди со идни археолошки ископувања.



*Сл. 203 - Чейен, Брод, од југоисшок*

[125] Мачкиќ П., Симоска Д., Трбуховиќ В., 1961, 199-208.
[126] Лилчиќ (Адамс) В., 2009, 114.




*Сл. 204- Чейен, Брод, йлан В. Л. Адамсен*



*Сл. 205 - Чейен, Брод, рачно рабойена садова керамика*

### 32. Градиште, Сливица, кастел стража

Локалитетот Градиште, кај село Сливица се наоѓа 1.157 км. југозападно од селската црква Св. Никола, и 1.158 км. источно југоисточно од платото на древниот град на Чепен. Тоа е мал, тесен рид (кота 744 м.),[127] со тесно фортифицирано плато со маркантен сувоѕид, големо 110x30 метри, на површина од 0.18 ха. Утврдената форма е издолжена, неправилна, клиновидна, со ориентација с/з – ј/и. Во средината се наоѓа карпесто возвишение, скалесто рамнето околу централната карпа. На северозападната страна било оформено посебно издигнато и заоблено чело, што доминира за околу 3-4 метри над релативно тесното седло, што се наоѓа северно, под челото. На локалитетот видовме фрагменти и делови од садова керамика од доцното железно време / архајски период. За што се претпоставува дека тоа била тврдина предстража на градот на Чепен.[128]



*Сл. 206 - Градиште, Сливица, од североисток*

[127] Кота: E 7.550.177 m / N 4.535.459 m.
[128] Лилчиќ (Адамс) В., 2009, 108.




*Сл. 207 - Градиште, Сливица, план В. Л. Адамсен*



*Сл. 208 - Градиште, Сливица, фрагменти рачно работена садова керамика и оловен фрагмент*

## 33. Марково Кале – Стрели, Скочивир, кастел стража, РМП II/2, СМП II/2, ДМП

Локалитетите Марково Кале, Скочивир и Градиште, Живојно не влегуваат во категоријата утврдувања на левиот брег на Црна Река, меѓутоа ќе ги додадеме и нив во овој преглед поради општата опсервација на сите утврдувања во западното подножје на Селечка Планина и во продолжеток,преку Црна Река, на југ до границата со Грција.

Значи, утврдувањето на доминантниот рид (кота 1101 м.) Марково Кале – Стрели,[129] Скочивир се наоѓа на 2.620 км. источно ј/и од селската црква Св. Петка, во Скочивир и 531 метар над речното корито. Оваа тврдина со местоположбата се наоѓа на самиот влез во Скочивирската Клисура и претставувала почетниот силен аргумент за егзистенцијата на древната патна магистрала што водел долж долината на реката Еригон, по која како што навел Аријан, поминал и Александар III Македонски со војската на маршот кон градот Пелиум во 335 година пред н.е.[130]



*Сл. 209 - Марково Кале, Скочивир, од исшок*

[129] Кота: E 7.556.626 m / N 4.536.281 m.
[130] Види: Лилчиќ (Адамс) В., 2009, 33 ф.н. 14; поширок осврт на Hammond N.G.L. & Walbank F. W., Vol. III, 1988, 39 f.n. 3,41.

Утврдувањето на Марково Кале – Стрели е големо 215х140 м., на површина од 2.25 ха. Има неправилна форма може да се рече приближно правоаголна. Одбранбениот ѕид е масивен сувоѕид, од големи, грубо рамнети камени блокови, внимателно редени во надворешното лице. Широк просечно 2.2 м., што е стандард кај раноантичките утврдувања. Локалитетот е истражуван во повеќе наврати и издржано опишан во 2009 година.[131] Движните наоди го датираат протогениот културен хоризонт заедно до масивниот одбранбен опус, во раната антика 4 век пред н.е. Евидентирани се и подоцнежни наоди, од 1 век н.е., 4 и 6 век н.е., што посочуваат на контрола на Еригонскиот пат во тие векови од тврдината Маркови Кули Стрели.




*Сл. 210 - Марково Кале, Скочивир, ӣлан В. Л. Адамсен*

[131] Лилчиќ (Адамс) В., 2009, 94-101.

## 34. Градиште, Живојно, град

Локалитетот е истражуван и публикуван во 2009 година. Се работи за мало градче на локалното линкестидско население. Се наоѓа на 1.2 км. југоисточно од селската црква Св. Ѓорѓи. Тоа е рид помеѓу доловите на потокот Калковец и долот што доаѓа од под ридот Шапкарица. Се работи за мошне слабо утврдена, но голема населена површина од 5.3 ха., голема 500х145 м.[132] Теренот е благо наведнат од север с/и кон југ ј/з. Регистрирани се бронзи од железното време, монети на македонските кралеви од 4-2 век пред н.е., во континуитет низ целиот 3 век пред н.е. – 3 век н.е., се до 6 век н.е.[133] Се работи за голема античка градска населба, на станбени тераси што биле лесно освоиви. Периферната повлеченост од поголемите патишта во антиката изгледа ја поштедувале од нападите и обезбедувала егзистенцијален континуитет. Сепак градот се наоѓа на десната страна од Еригон и на просторот на Линкестида а не во просторните рамки на античкото кралство Пелагонија.




*Сл. 211 - Градиште, Живојно, местоположба (подлога AREC)*

[132] Кота во средиштето: E 7.551.680 m / N 4.528.623 m.
[133] Лилчиќ (Адамс) В., 2009, 88-94.



*Сл. 212 - Градиште, Живојно, југозападниот дел на населбата, од југ*




*Сл. 213 - Градиште, Живојно, план В. Л. Адамсен*

## Утврдувања северно од Комплексот Висока-Старо Бонче

### 35. Палатица, Штавица, градче

Локалитетот претставува голема локална античка населба на Пелагонците. Центарот на населбата е малата акропола на платото Палатица (кота 821 м., КП 1562 Штавица),[134] оддалечена 476 метри северозападно од селската црква Мала Богородица. Акрополата претставува издолжена станбена тераса во северното подножје на доминантна карпа, голема 73x30 метри.[135] Околу акрополата, на северната, јужната и западната страна се наоѓала голема населба од отворен тип. Евидентиравме бронзени монети на Персеј и Пела.




*Сл. 214 - Палатица, Штавица, план В. Л. Адамсен*

[134] Кота E 7.547.675 m / N 4.568.749 m.

[135] Локалитетот го истражувал проф. д-р В. Лилчиќ Адамс на 22. 08. 2005 година, заедно со м-р Дејан Кебакоски.



*Сл. 215 - Палатица, Штавица, од североисток*



*Сл. 216 - Палатица, Штавица, монета на Персеј*

### 36. Градиште, Марул, градче

Локалитетот Градиште се наоѓа на 264 метри источно ј/и од селската црква Св. Богородица, и на 1.6 км. југозападно од утврдувањето на доминантниот рид Веслец. На ридот Градиште (кота 846 м.),[136] била оформена мала елипсовидна акропола и јужно подградие што продолжува на североисточната страна како

[136] Кота: E 7.546.862 m / N 4.565.570 m.

еден вид протеихизма. На 37 метри североисточно пред акрополата се наоѓа масивен попречен предѕид (уште една протеихизма) за одбрана од нападите по планинската косина.



*Сл. 217 - Градиште, Марул, од исток, од Веслец*

Акрополата со подградието мерат 185x105 м. (само акрополата 109x68 м.), со вкупна површина од околу 12.648 м$^2$ (1.26 ха.).[137] На површината на локалитетот се гледаат ретки фрагменти рачно работена садова керамика. Во црквата Св. Богородица во западното подножје на ридот Градиште документиран е масивен дел од архитрав во дорски стил, вѕидан во западната црковна фасада, како и дел од столб. На Градиште, Марул, израснала една локална населба со акропола и подградие во првата половина од I милениум пред н.е.. Жителите изградиле храм во дорски стил. Терминот на нејзината егзистенција низ антиката е засега непознат.

[137] Локалитетот е истражуван и документиран на 07. 07. 2010 година, од страна на проф. д-р В. Лилчиќ Адамс, заедно со Љубе Ристески од Подмол.




*Сл. 218 - Градиште, Марул, план В. Л. Адамсен*



*Сл. 219 - Градиште, Марул, дел од дорски фриз од храм, во црквата Св Богородица, Марул*



*Сл. 220 - Градиште, Марул, фрагменти од рачно работени керамички садови*

## 37. Кале Комарчани, Ерековци / Канатларци, кастел стража

Како што е познато, Пелагонската котлина во северниот дел била географски поделена со долгиот венец високи и ниски ридови познат како Тополчанска Преграда.




*Сл. 221 - Кале Комарчани, Ерековци / Канатларци, местоположба (подлога AREC)*



*Сл. 222 - Кале Комарчани, Ерековци / Канатларци, од југоисток*

Тополчанската Преграда се протега помеѓу масивите на Селечка планина на исток и Древеничка Планина на запад, и тоа преку котите: Веслец (1322 м.) – Ветро Водејнца (930 м.) – Големо Брдо (833 м.) – Кара Камен (924 м.) – Кале Комарчани (878 м.) – Кара Камен (737 м.) – Дупен Камен (848 м.)[138] – Голем Врв (789 м.) – Страчкојца (747 м.) – Висока Тумба (736 м.) – Орлак (1317 м.).




*Сл. 223 - Кале Комарчани, Ерековци / Канатларци, план В. Л. Адамсен*

На котата Кале Комарчани (878 м.)[139] В. Лилчиќ Адамс истражувал и документирал[140] мала но силна раноантичка тврдина. Поголемиот западен дел се наоѓа во атарот на Ерековци, а помалиот североисточен агол на тврдината припаѓа на катастарската општина Канатларци. Локалитетот се наоѓа на 3.845 км. североисточно од црквата Св. Христос во село Ерековци. Ридот Кале се состои од повисока југозападна кота (878 м.) и пониска североисточна кота (869.1 м.). И двете височини биле оградени во раната антика со силен одбранбен ѕид – сувоѕид констуриран од камени гранитни блокови во техниката опус изодомум (широк во

[138] Види го описот и интерпретацијата на оваа доминантна тврдина во контекст на воената база на македонскиот крал Персеј од 171 година кај: Лилчиќ (Адамс) В., 2009, 174-179.

[139] Кота: E 7.543.011 m / N 4.566.611 m.

[140] На 14. 07. 1992 година и на 25. 06. 2004 година.

просек 1.7 м.), извонредно видлива на голем дел од периметарот. Утврдената издолжена површина е голема 235 x 50/30 метри. Кале е оддалечено од околните села, така да изгледа дека остатоците не се девастирани. На теренот што е зараснат во висока трева, може да се видат мошне малку раноантички фрагменти рачно работена садова керамика.



*Сл. 224 - Кале Комарчани, Ерековци / Канатларци, поглед на акрополниот дел од исток с/и*






*Сл. 225 Кале Комарчани, Ерековци / Канатларци, дел од керамичка чаша со орнаменти*

*Сл. 226 - Кале Комарчани, Ерековци / Канатларци, одбранбен ѕид детал, опус изодомум (?)*

### 38. Долиште, Прилепец, град

Локалитетот Долиште кај Прилепец, е познат во литературата како место на наоѓање на големата остава сребрени монети на македонските кралеви Александар III, Македонски, Филип III Аридај, Деметриј I Опсадувачот на градовите, Лизимах, Селеук и на Авдолеон.[141] Проф д-р В. Лилчиќ Адамс во 1996 година, привлечен од оваа остава, го истакнива древниот град на овој локалитет, со околните приградски локалитети, како кандидат за убикација на градот Пелагонија.[142] Х. Талевски, неодамна ја подржа хипотезата за убикација на градот Пелагонија на локалитетот Долиште, село Прилепец при што големата утврдена населба Марков Ѕид се интерпретира како збег на граѓаните од градот на Долиште.[143]




*Сл. 227 - Долиште, Прилепец, местоположба (подлога AREC)*

[141] Vučković Todorović D., 1958, 213-255.
[142] Лилчиќ (Адамс) В., 1996, 36-44. Првите истражувања на локалитетите околу Прилепец датираат од 1992 година, за подоцна на 01. 11. 2011 година со асистенција на господин Добре Бошкоски-Карандески од Прилеп кому му благодарам во оваа прилика, детално да го премерам целиот локалитет.
[143] Талевски Х., 2014, 60-61.



*Сл. 228 - Долишше, Прилейец, од север*

Очигледно е дека на просторот помеѓу прилепските села Прилепец и Волково во антиката егзистирала значајна заедница на античките Пелагонци. Нивниот градски центар бил локалитетот Долиште. Југоисточно од Долиште се протега градската некропола во правец кон месноста Долиште на околу 370 метри на југ. Дел од некрополата на околу 35 метри југоисточно, во ноември 2016 година започна да го истражува проф. д-р А. Јакимовски со колегите од Завод и музеј Прилеп.[144] На локалитетот Безистен околу 1929 година, М. Кокиќ заедно со д-р Н. Вулиќ, ископале една гробница конструирана со сполии (стели со натписи и столбови) од  2 век н.е.[145] Архитектонски елементи од еден храм или мавзолеј,[146] што ги евидентиравме секундарно вѕидани во разурнатата црква на локалитетот Гробовите, можеби биле донесени од Безистен.

Самиот град бил на ридот Долиште.[147] Називот на локалитетот произлегува од длабоките долишта Волкоска Река и Маркова Ступа што се слеваат во веш-

[144] Јакимовски А., Темелкоски Д., 2019, 1-12.; Јакимовски А., Темелкоски Д., 2021, 139-162.
[145] Кокић М., 1929, 295-298. Види го планот на гробницата на Безистен со дел од периметралниот ѕид: Лилчиќ (Адамс) В., 1996, 39, сл. 4.
[146] Лилчиќ (Адамс) В., 1996, 43, сл. 5, сл. 9; Лилчиќ (Адамс) В., 2001, 414-417.
[147] Кота Е 7.548.404 m / N 4.572.953 m.

тачкото езерце кај месноста Табачица. Темето од ридот претставува широко заоблено плато, со благ пад на југозапад, што било утврдено со масивен одбранбен суводид. Утврдената површина мери 257x115/95/45 м., на површина од 2 хектари.



*Сл. 229 - Долиштe, Прилейец, источнотo чело на градот*



*Сл. 230 - Долиштe, Прилейец, западнотo градско чело од запад*

На теренот се гледаат голем број делови и фрагменти од садова керамика со карактеристики на раната антика. На локалитетот откривме бронзени монети на Филип II Македонски, Касандар, Антигон Гонатас, Персеј и сребрена драхма на Персеј. Д. Темелкоски и В. Крстески, забележале на Долиште, Прилепец монети на македонските кралеви: Филип II, Александар III, Касандар, Деметриј I Полиоркет, Антигон Гонатас, Филип V и Персеј.[148] Н. Шелдаров на овој локалитет забележал монети на: македонските кралеви: Архелај, Филип II, Александар III, Деметриј I Полиоркет, Филип V, и градовите Пела, Тесалоника, Амфипол.[149]



*Сл. 231 - Долиште, Прилепец, Сонда 1, археолошки ископувања 2016 година*

Развојот на градот на Долиште, Прилепец во раната антика, се должел на значајниот источен пелагонски пат што водел долж западното подножје на Селечка Планина, и споредниот пат што водел на исток преку планинскиот премин Коњарник (ок. 1450 м.) во соседната област Мариово.

[148] Темелкоски Д. – Крстески В., 2019, 4.
[149] Шелдаров Н., 2003, броеви: 36, 46, 108, 137, 259, 358, 386, 404, 429, 432, 455, 513, 594.



*Сл. 232 - Долиште, Прилепец, движни наоди од Сонда 1, археолошки ископувања 2016 година*



*Сл. 233 - Долиште, Прилепец, Сонда 4, Археолошки ископувања 2016 година*




*Сл. 234 - Долиште, Прилепец, план В. Л. Адамсен*

## 39. Марков Ѕид, Прилепец, голема предисториска, античка и средновековна населба

На околу 1 км североисточно од Прилепец се наоѓа утврдувањето Марков Ѕид. Била утврдена голема површина на југозападните падини на доминантна карпеста маса.[150] Оваа населба проф. д-р В. Лилчиќ Адамс ја премерил во 1992 година,[151] меѓутоа ја истражувал и во 2021 година. Населбата поседува голема станбена површина. Биле утврдени јужната, западната и северната страни со одбранбен ѕид од кој денес се гледа остатоци на лицето на поедини места и ешарпи, помеѓу поедини карпи. Во внатрешноста на обѕидието се гледаат голем број станбени тераси. Просторот мери приближно 324x190 метри. Евидентиравме рачка од бронзеното време, оловен проектил од раната антика, доцноантички миними од 4-5 век н.е., бронзена декоративно перфорирана плочка од појасна гарнитура, доцноантичка фибула средновековни византиски монети од типот уранискос, средновековен прстен, дел од белегзија и т.н. Од локалитетот потекнува бронзена монета на македонскиот крал Касандар.[152]

[150] Кота: E 7.550.511 m / N 4.573.301 m.

[151] На 13. 07. 1992, проф. д-р В. Лилчиќ Адамс со асистенција на колегите Константин Пројкоски и Љубен Диманоски.

[152] Кепески К., 1987, 50, бр. 44.




Сл. 235 - Местоположбите на локалитетите Марков Ѕид, Прилепец и Кале Коњарник, Прлепец / Кокре (подлога AREC)




*Сл. 236 - Марков Ѕид, Прилепец, план В.Л.А.*




*Сл. 237 - Марков Ѕид, Прилепец, западен одбранбен ѕид*
*(ГПС снимка, подлога GoogleEarth)*



*Сл. 238 - Марков Ѕид, Прилепец, од југозапад*



*Сл. 239 - Марков Ѕид, Прилеӣец, одбранбениоӣ ѕид на јуīоисӣочнаӣа сӣанбена ӣераса*



Сл. 240 - Марков Ѕид, Прилепец, рачка од сад доцно бронзено време



Сл. 241 - Марков Ѕид, Прилепец, оловен проектил за праќа

## 40. Кале Коњарник, Кокре / Прилепец

Локалитетот се наоѓа на Селечка / Дрен Планина на доминантната кота Коњарник 1537 м., на самата меѓа помеѓу селата Кокре и Прилепец. Се работи за јужен карпест планински изданок, што доминира над манастирот Св. Никола, Прилепец, на дистанца од 1.2 км. Сртот бил утврден уште во раната антика со одбранбен сувоѕид, просечно широк околу 1.7 м. Утврдувањето има долга и тесна форма голема 170/190 x 20/26/12/18/34 м., на површина од околу 0.3 ха. Со нашите истражувања на локалитетот откривме бронзена монета на Тесалоника (178-168 год. пред н.е.), монета на Констанциј, уште неколку доцноантички нечитливи миними од 4 век н.е., дел од бронзена чаша со пунктирани букви: ... IAKPA .....|.... ECTPI ...., доцноантичка железна фибула, два железни врва од противпанцирни стрели, ситни клинчиња од војнички чизми и т.н. Кастелот имал функција на контрола на планинскиот премин Коњарник преку кој што водел алтернативен пат од Пелагонија преку просторот на селото Прилепец во Мариово преку селото Кокре.



*Сл. 242 - Кале Коњарник, Прилепец / Кокре, од југ*




*Сл. 243 - Кале Коњарник, Прилепец / Кокре, план В. Л. Адамсен*





*Сл. 244 - Кале Коњарник, Прилепец / Кокре, монета на Тесалоника*

*Сл. 245 - Кале Коњарник, Прилепец / Кокре, две противпанцирни железни стрели*

## 41. Маркови Кули Варош, Керамие

Големиот антички град Керамие (Ceramiae),[153] во антиката бил градско средиште на најсеверниот дел на Пелагонската котлина, најмногу поради крстосницата на патиштата. Патот што доаѓал од регионите Кичевско и Скопско преку преминот Барбарас. Патот што доаѓал од Кичевско преку Демир Хисар. И патот што доаѓал од Линкестида, и од градот Хераклеа кај Битола, пат што Рим особено го исфорсирал и користел. Патот што доаѓал од регионите на Велес и Чашка, по долината на реката Бабуна, преку премините Завој, Клетовник и Присад. И конечно патот што доаѓал од Стоби и Аударист / Еурист, по долините на Еригон, Раечка Река, Беловодичка Река и преминот Плетвар.




*Сл. 246 - Маркови Кули и Поткули, Варош, план на градот Керамија*

[153] Според: Miller K., 1916, 519, abb. 162; Шкриванић Г., 1974, 33, 55: Via Stopis – Heraclea, 55 (Heraclea – XI/11 римски милји/ – Ceramie – XXIIII /24 римски милји/ – Euristo – XII /12 римски милји/ – Stopis), прилог бр 1/VIII, колор прилог бр 4.

Градот го чинеле акрополата на Маркови Кули[154] и долниот град на просторот на денешното село Варош. Акрополата Маркови Кули (кота 920 м.), со максимална големина на фортификација, 450x270 метри, се состоела од четири фортифицирани дела. Висока акропола на највисоките карпи, утврденото плато југозападно под карпите, и два утврдени дела на јужната падина. Вкупната површина изнесува околу 4 -5 ха.

Долниот град бил оформен на просторот на денешното село Варош. За жал истиот не бил истражуван.[155] И Микулчиќ приближно го картира неговото приближно протегање,[156] од каде можеме да видиме дека долниот град заземал минимална површина од 300x100 метри но веројатно бил поголем. Претпоставуваме дека долниот град заземал површина помеѓу 20-10 хектари, што би можело во иднина да се докаже со археолошки сондирања и ископувања во селото Варош.

Јужна некропола

К. Кепески, во 1975 публикуваше прилог за резултатите од ископувањата на 10 гробови од раноантичката градска некропола. Таа се наоѓала на јужната падина од Маркови Кули, непосредно над патот Прилеп – Кичево, на самиот влез во селото Варош. Се работи за скелетни – инхумирани покојници во неколку типови на гробни конструкции. Евидентирани се раноантички форми на керамички вази: кантароси, вретенести лакримариуми, плитки патери, олпи, врвови од железни копја на војници, бронзени монети на македонските кралеви Филип II, Александар III и Деметриј. Гробовите се датирани во периодот од 4 до крајот на 3 век пред н.е. К. Кепески истакнува дека некрополата се протегала кон запад.[157]

Северна Некропола

Б. Китаноски публикуваше прилог од истражувањата 35 гробови истражувани 1968-1969 година, од северната градска некропола на локалитетот Калдрма – Заград. Биле евидентирани неколку типа гробни конструкции, и откриени голем број предмети, според кои што гробовите се датираат од полниот 5 век до крајот на 4 век пред н.е. Меѓу предметите вимание привлекува бронзената монета на кралот Александар III Македонски, бронзени фибули од т.н. малоазиски тип, теракотна фиругина, златни обетки, женски накит, копја, прстени, двојни игли омега тип и т.н. [158]

---

[154] Кота E 7.545.583 m / N 4.579.943 m.

[155] Во текот на разговорите со жителите на Варош, добиени се информации дека пред да се асфалтираат селските улици, по поројните дождови, антички монети буквално течеле по калливите улици.

[156] Микулчиќ И., 1996, 250, сл. 102.

[157] Кепески К., 1975, 155-164.

[158] Китаноски Б., 1975, 89-132.

Нумизматичките наоди од својата страна, и покрај тоа што се случајни наоди, сепак зборуваат за економскиот потенцијал на граѓаните на Керамие. К. Кепески во 1987 год. забележал бронзени монети на македонските кралеви: Филип II, Филип III Аридај, Касандар, Александар Македонски, Антигон Гонатас, Филип V и Персеј.[159]

### 42. Варош, Варош, долниот град Керамие

Тежиштетот на животот, во првите векови од новата ера се сконцентрирал во Долниот Град што се протегал под денешното село Варош. Тоа најсигурно го потврдуваат остатоците на античките храмови, чии што камени архитектонски елементи се наоѓаат секундарно вградени како антички сполии, во средновековните цркви во Варош.[160] Претпоставуваме дека уште во периодот од (7-4 век пред н.е., долж јужната граница на градот се протегал магистралниот пат што водел од преминот Барбарас на преминот Плетвар. На него се надоврзувал магистралниот пат што доаѓал од Хераклеја во Линкестида.[161]

И. Микулчиќ смета дека градот Керемиа, што го освоил еден римски конзул во 171 год. пред н.е., според Тит Ливиј (XLIII,1.1),[162] е токму нашиот град Керамие.

Ливиј запишал: *За време на ова лето командантот кого конзулот го испрати во Илирија, нападна два богати и просперитетни града. (Градот) Керемија беше принуден да се предаде, а тој им дозволи на жителите да го задржат својот имот, надевајќи се дека со овој пример на милосрдие ќе ги натера луѓето од силно утврдениот град Карнунт да одат кај него. Тој не беше во можност, ниту да ги принуди да се предадат ниту да го заземе местото со опсада, а поради заморите што ги претрпеа неговите луѓе во двете опсади, тој го остави градот. Другиот конзул, кому му беше доделена Галија, К. Касиј, не стори ништо што вреди да се спомене таму и се обиде, безуспешно, да ги води своите легии низ Илирија во Македонија.*

Во случајов би можеле да претпоставиме дека Ливиј, кој, како што гледаме, во претходната книга XXXI, во описите на конфронтацијата на македонскиот крал Филип V со римскиот конзул Публиј Сулпикиј Галба, од 199 година пред

[159] Кепески К., 1987, броевите: 12-Под Кули, 32-Варош, 51-Ташачица, 69-Заград, 76-Варош Зграда 4, 87-Под Кули, 89-Под Кули, 100-Под Кули.
[160] Лилчиќ (Адамс) В., 2001, 382-391; Лилчиќ (Адамс) В., 2002, 930-934.
[161] Навистина е потребно, користејќи ги сите расположливи податоци, но и археолошките истражувања, да се дефинираат трасите на овите патишта.
[162] Микулчиќ И. 1999, 87.

н.е., очигледно ги меша соседните географски области на Дасаретија и Линкестида, и тука ги помешал областите Илирија и Пелагонија.[163]

Името на градот според Појтингеровата Карта (според протогената, несочувана верзија, што потекнува од географот Касториј, од околу 340 година н.е.) било Керамие.[164]

Градот на Варош активно егзистирал низ доцноантичкиот период од 4-6 век и низ средниот век 7 – 14 век. Токму поради тоа изненадува што неговото име не го гледаме во списокот на градовите кај Хиерокле од 527 година н.е. Хиерокле, во провинцијата Македонија Втора ги забележал следните градови: Стоби, Арг, Астрајон, Пелагонија, Баргала, Келенидион, Армониа и Запара.[165] Меѓутоа, како што се гледа, Хиерокле не споменува и други градови од Македонија Втора, какви што биле градовите Антигонеа (Неготино), Велешко Кале, Велес, помалите градови како Кале с. Долно Ореово, Китино Кале во Кичево, или пак Стена кај Демир Капија и други.[166] Во овој контекст, И. Микулчиќ помислува на опцијата, дека градот Керамие можби не бил обновен во доцната антика.[167] Освен тоа, градот кај селото Варош се наоѓа на 23 километри, а градот на Висока на 8.2 километри од реката Еригон / Црна Река, во Мариово, што убедливо оди во прилог на убикацијата на Пелагонија на вториот локалитет.

[163] Лилчиќ (Адамс) В., 2009, 47.
[164] Miller K., 1916, 519, abb. 162; Шкриванић Г., 1974, 33, 55.
[165] Според: Honigmann E. 1939, 641, 1-9.
[166] Лилчиќ (Адамс) В., 2013, 967-996.
[167] Микулчиќ И., 1999, 88.

## IV. Заклучни разгледувања

### Каде се наоѓал градот Пелагонија?

Помеѓу историските извори се истакнува податокот на Страбон, за местоположбата на градот Пелагонија на левиот брег на реката Еригон, пред да се влие во Аксиј. Макар што во реченицата на Страбон, дека: *реката Еригон тече низ земјата на Илирите, Линкестиите, Пелагонија, и оставајќи го градот на левата страна, се влива во Аксиј,* има недоследности. Реката Еригон никогаш не течела низ земјата на Илирите, туку низ земјата на Девриопите, од каде што извира. Веројатно Страбон користел некој стар податок од времето на упаѓањето и ограбувањата на Илирите во Линкестида и Девриоп,[168] што датира пред воената пресметка на македонскиот крал Филип II со Илирите и нивниот водач Бардилис во 358 година пред н.е. Покрај овој, значаен е и податокот на наодот на надгробната стела на војникот Кај Јулиј Бас, по потекло од Пелагонија, според Теодор Момзен, откриена во областа Мариово, не далеку од Стоби, во правецот на Битола. Просторот на кој е откриена оваа стела очигледно е прилепскиот дел на Мариово, а тоа значи течението на Еригон од селата Манастир – Чаниште до Гуѓаково.

Од нејзиниот текст, произлегува дека Кај Јулиј Бас, бил регрутиран како младо момче од Пелагонија. Но поверојатно од некоја населба од околината на градот Пелагонија. Служел како војник во римската војска и бил отпуштен после 25 години. Потоа тој се вратил во своето родно место, каде продолжил да живее до својата 75 година. Можеме да претпоставиме дека потекнува од некоја мариовска античка населба во просторите на Пештани, Манастир, Чаниште, Дуње, Кален, или можеби Кокре каде, на локалитетот Спасиица, се наоѓаат посебно репрезентативни камени архитектонски елементи од надгробни споменици на поимотни лица од раниот царски период.[169]

Споменувањето на реката Еригон / Црна Река, и нејзиниот лев брег, прилично јасно ја стеснуваат потрагата по местоположбата на градот Пелагонија. Областа Мариово тешко може да се спореди и поистовети со значењето на зборот

---

[168] Тука би потсетиле например и на писанието на Полибиј: *Во исто време кралот Филип го освоил Билазора, великиот пајонски град, поволно сместен за упадите од Дарданија во Македонија. Со неговото освојување, речиси се ослободил од дарданската опасност, бидејќи Дарданците повеќе не можеле толку лесно да упаѓаат во Македонија, откога Филип го освоил споменатиот град а со него и приодите кон Македонија* (Pol. V, 97.). Дарданците навлегувале од областите на Косово преку Скопскиот Басен кој што бил населен со Агријаните.

[169] Inscriptiones Graecae, 1999, Peštani 92-95, Kokre 91, Dunje 95-97, Kalen 97-98, Veprčani 98-99.

Пелагониа – рамнина, бидејќи се работи за ридест предел. Очигледно е дека Пелагониа се однесува на Пелагониската котлина, која што од раната антика до денес не го променила името. Според тоа, единствен можен локалитет што може да се кандидира за убикација на античкиот град Пелагонија е градот на локалитетот Висока на Селечка Планина. Овој локалитет, заедно со блиските околни локалитети, во прв ред долниот град на Старо Бонче со големата некропола, фортификацискиот систем за неговата заштита, регистрираните богати раноантички културни хоризонти, што например не се гледаат на ниту еден од другите опишани локалитети, ги обединува сите досега наведени елементи и податоци и засега претставува најамбициозен кандидат за убикација на градот Пелагонија.

**Македонија Четврта во поделбата од 167 година пред н.е.**

Да го разгледаме сега накусо и контекстот на римската управа во Пелагонија. Рим војувал во текот на 3 и 2 век пред н.е. со Македонија. По победата во 168 год. пред н.е., ја поделил на четири дела (regiones) со посебни градски центри.

Според Тит Ливиј (Liv. XLV. 29): *Quarta region trans Boram montem, una parte confinis Illyrico, altera Epiro*; (Liv. XLV. 30. 6): *Quartam regionem Eordaei et Lyncestae et Pelagones incolunt; iuncta his Atintania et Tymphaeis et Elimiotis*.[170]

Се работи за територија западно од планината Бора, најверојатно Кожув. Ф. Папазоглу, во обидот да го разреши цитатот на Ливиј: *regionibus, quae adfines barbaris essent – excepta autem tertia omnes errant, - permisit, ut praesidia armata in finibus extremis haberent* (областите што граничеле со варвари им било дозволено да ги утврдуваат границите, со исклучок на Третата област), во Четвртата област ги калкулира северните делови на Пајонија. Иако кај Ливиј е изрично наведено дека Пајонија западно од Аксиј била припоена на Третата македонска област. Според Ф. Папазоглу главниот проблем е тоа што Пајонија на север граничела со Дарданците, што е пак неточно. Имено Пајонија на север граничела со теригоријата на Агријаните (Полог – Скопско – Кумановско – Кривопаланечко). Освен тоа Дарданците биле римски сојузници, момент што бара пообемни студирања.

Зошто Рим одлучил токму градот Пелагонија да биде центар на Четвртата македонска област? Апетитите на Рим биле свртени кон Блискиот Исток но и кон Дунавските територии. Пелагонците за кои нема историски вести за било каква улога во Македонско-Римските војни, го контролирале патните премини и правци кон долината на Еригон (Скочивир-Стоби), Плетвар – Аударист-Стоби) и

[170] Види кај: Папазоглу Ф., 1957, 59, ф.н. 4-5.

Бабуна (Клетовник – Бабуна – Велес) преку кои се излегувало на реката Аксиј (Вардар). Но дали и де факто ги контролирале? Нашите истражувања недвосмислено обелоденуваат дека контролата ја имале не Пелагонците, туку македонската антигонидска војска.[171] По падот на Персеј кај Пидна во 168 година пред. н.е., следел период, во кој Рим дозволил Македонците да држат воени посади во пограничните зони, каде имало потреба за одбрана од непријателски напади. Претпоставуваме дека тоа биле пределите на Велешко и долината на реката Бабуна, каде во нејзиниот горен дел, во атарите на денешните села Габровник, Мокрени и Ореов Дол, биле водени огорчени и крвави борби, за што сведочи големата некропола на двата брега на Габровничка река, во која биле погребани македонски војници.[172]

Античкиот град на Висока и Старо Бонче, ја контролирал прастарата Еригонска магистрала, спомената уште кај Аријан во походот на Александар III Македонски кон градот Пелиум (*А пак Александар се упати кон градот Пелиј, со марш покрај реката Еригон*).[173] На Рим му бил потребен Еригонскиот пат. То ест на Рим му бил потребен лесен магистрален пат без кривини и опасни места, пат по кој може да се возат товарни коли. А тоа секако не бил Еригонскиот пат низ Мариово. Претпоставуваме дека Рим едно време го анализирал Мариовскиот предел и патот покрај Еригон. Ова може да се согледа преку римскиот логор од републиканско време на Висок Рид, Дуње (Бр. 13), за контрола на градчето на локалитетот Градок, Манастир. Меѓутоа, откога увидел дека овој пат е прилично ризичен поради големиот број кривини, мостови, и пролетни изливања на реката и константното уривање на мостовите, започнал да ја форсира т.н. Дијагонална патна линија од Хераклеја Линкестидска преку Стибера – Керамие – Еуристо – Стоби на Вардар. Оваа промена можеби не започнала веднаш, во текот на 20-годишниот период, од 167-148 година пред н.е., додека градот Пелагонија бил центар на Македонија Четврта, меѓутоа и на локалитетите е видливо дека токму новофорсираниот пат низ ранормскиот период им носел просперитет на споменатите градски точки на патот. Напротив, забележуваме дека во првите векови на новата ера, животот на Висока речиси и да не постои, а тежиштето на градот од локалитетот Старо Бонче, постепено се префрла кон просторот на денешното село Подмол.[174] А за сметка на деградацијата на градот Пелагонија (Висока и Старо

[171] Види кај: Lilčić Adams, V., 2021; Лилчиќ Адамс В.,2022, 295 -336.
[172] Lilčić Adams, V., 2021, 137-157.
[173] Аријан, Александрова Анабаза, (Αρριανου, ΑλεξανδρουΑναβαςις, I. 5) превод на проф д-р М. Бузалкова-Алексова, издавач Патрија, Скопје 2000, 6.
[174] До овие информации проф. д-р Виктор Лилчиќ Адамс и проф. д-р Антонио Јакимовски, дојдоа со долгогодишните истражувања кај Бонче и Подмол, каде открија особено голема и богата

Бонче), во првите векови од новата ера нагло расте значајот на градот под Марковите Кули, што може да се согледа како врз основа на забележаната камена архитектонска пластика, така и врз дваесетина надгробни стели, регистрирани во Варош, Прилеп и околината.[175]

Забележавме еден детал, што може да оди во прилог на хипотезата за убикација на Пелагонија на Висока. Имено, постои извесна релација помеѓу Висока и Диоскурите, чии што претстави гледаме на едниот тип бронзена монета што ковал градот Пелагонија од 168-148 год. пред н.е.[176] Диоскурите се познати по своите капи – пилеи (pilleus), што ги симболизираат земната и небесната полусфера, односно поврзаноста помеѓу смртниот земен-подземен и вечниот бесмртен небесен свет.[177] Врвот Висока, гледан од север, фрапантно личи на пилеус. Во исто време, на 9.5 км. северно с/и, се наоѓа доминантен купест врв, кота 1312 м., што исто така личи на пилеус. Тоа е Градиште, село Пештани. На локалитетот Градиште кај Пештани била откриена стела со релјефен приказ на псеудо-едикула со следниот натпис: *Север, син на Север, од Достонеи, и Ника, ќерка на Аполониј, негова мајка, по заповед на браќата Јулиј Север и Валериј Север, им даруваат на Диоскурите, 380 година, во месецот диос* (232 година н.е.).[178] Тоа значи дека на почетокот од 3 век н.е. во градчето Достонеи бил негуван култот кон Диоскурите, дефинитивно во контекстот на купестата камена капа на врвот Градиште, која што го има обликот на пилеус - капата на Диоскурите.

---

населба од отворен тип на просторот на селото Подмол, како и делови од терма од римскиот царски период.

[175] Лилчиќ (Адамс) В., 2001, 383-391; Лилчиќ (Адамс) В., 2002, 931-934; Inscriptiones Graecae, 1999, 99-108, No 208-228.

[176] Gaebler H., 1935, 7, No. 42, T. III:7.

[177] Toynbee M., 1996., 38, f.n. 89.

[178] Бабамова С., 2005, 116, бр. 52.

**Големини на утврдените површини:**

| | |
|---|---|
| 1. Град Модрак, Клиново | 0.2 ха – крајпатен кастел стража на Еригон |
| 2. Градишка Тумба, Гуѓаково | 1 ха – крајпатно градче на Еригон |
| 3. Градиште 1, Вепрчани | 2 ха – градче од Рано Железно време |
| 4. Градиште 2, Вепрчани | 0.2 ха – крајпатен кастел стража |
| 5. Скокот, Вепрчани | 1.8 ха – полуотворена населба |
| 6. Градиште, Пештани | 1.5 ха – светилиште; кастел спекула |
| 7. Пештера – Ман. Св. Илија, Пештани | 4 ха – градче од отворен тип |
| 8. Градок, Манастир | 4.5 ха – Антаниа (?) град на Еригон |
| 9. Богданова Нива, Чаниште | 0.8 ха – кастел стража на Еригон |
| 10. Говедарник, Чаниште | околу 0.5 ха – утврдена населба на Еригон |
| 11. Убава Глава, Чаниште | 0.6 ха – полу-утврдено светилиште (?) |
| 12. Црна Тумба, Манастир | 0.1 ха – кастел стража |
| 13. Висок Рид, Дуње | 0.9 ха – Римски Републикански кастел база |
| 14. Милошева Тумба, Дуње | 0.09 ха – утврден заселок |
| 15. Маркови Кули, Кален | 0.15 ха – утврден заселок |
| 16. Град Чебрен, Зовиќ | 6.6 ха – Антаниа (?) град на Еригон |
| 17. Кале, Рапеш | 1 ха – кастел стража на Еригон |
| 18. Висока, Крушевица/Бонче | 2 ха – акропола |

| | |
|---|---|
| 19. Старо Бонче, Бонче | 11.18 ха – долен град |
| **Град Пелагонија, вкупно:** | **13.18 ха** |
| 20. Градиште Цветково, Бонче | 0.5 ха – кастел стража |
| 21. Веслец, Марул/Штавица/Бонче | 6 ха – воена база |
| 22. Градиште Младеница, Крушевица | 0.28 ха – кастел стража |
| 23. Кале Бобиште, Мојно | 0.54 ха – кастел стража |
| 24. Еленик, Мојно | 1 ха – градче |
| 25. Лилјак, Мојно / Орле | 0.77 ха – утврдена населба |
| 26. Тврди Град, Црничани | градче |
| 27. Градиште, Мегленци | 0.47 ха – акропола – градче |
| 28. Кула, Мегленци | 0.07 ха – градче од полу-рурален тип |
| 29. Кале, Долно Ореово | 2.8 ха – град |
| 30. Кале, Ивени | 0.15 ха, збег |
| 31. Чепен, Брод | 3 ха – град на Еригон |
| 32. Градиште, Сливица | 0.18 ха – кастел стража, на Еригон |
| 33. Марково Кале – Стрели, Скочивир | 2.25 ха – воена база на Еригон |
| 34. Градиште, Живојно | 5.3 ха – градче, полу-рурален тип |
| 35. Палатица, Штавица | 0.1 ха – акрополка, градче полу-рурален тип |
| 36. Градиште, Марул | 1.26 ха – градче полу-рурален тип |

| | |
|---|---|
| 37. Кале Комарчани, Ерековци | околу 0.5-0.6 ха – кастел спекула, стража |
| 38. Долиште, Прилепец | 2 ха – град |
| 39. Марков Ѕид, Прилепец | ок. 4 ха – утврдена населба |
| 40. Кале Коњарник, Кокре / Прилепец | 0.3 ха – кастел спекула, стража |
| 41. Маркови Кули, Варош | 4.25 ха акропола – град Керамие |
| 42. Варош, Варош | 20-30 ха долниот град Керамие |
| **Град Керамие, вкупно оптимално:** | **24.25 – 34.25 ха** |

Пред нас имаме неколку категории на утврдувања:

1. Кастели стражи (Кале, Рапеш и т.н.)
2. Мали градчиња од рурален тип (Штавица, Мегленци и т.н.)
3. Градчиња (Еленик, Мојно, Градок, Манастир и т.н.)
4. Утврдени заселоци (Тумба, Мегленци, Маркови Кули, Кален, и т.н.)
5. Градови (Бонче-Крушевица, Варош, и т.н.)
6. Полуотворени населби (Скокот, Вепрчани, и т.н.)

Гледано врз база на евидентираните параметри: периметрален одбранбен ѕид, *intra muros* површина, местоположба во контекст на патна линија, визура, рамен простор, доминантна кота, евидентиран-согледан квалитет на културен хоризонт / културни хоризонти, од сите утврдени и полуутврдени локалитети, само 4 можат да се издвојат, следните антички градови / градчиња:

| | |
|---|---|
| 8. Градок, Манастир | 4.5 ха |
| 16. Град Чебрен, Зовиќ | 6.6 ха |
| 18-19. Висока и Старо Бонче, Крушевица / Бонче | 13.8 ха |
| 29. Кале, Долно Ореово | 2.8 ха |
| 31. Чепен, Брод | 3 ха |
| 38. Долиште, Прилепец | 2 ха |
| 41-42. Маркови Кули / Варош, Варош | 24.25 – 34.25 ха |

Во овој текст се вклучени сите фортифицирани локалитети на просторот долж левиот брег на Црна Река и западното подножје на долгата Селечка Планина, до Живојно и Скочивир на југ, иако локалитетите Градиште (Живојно) и Маркови Кули-Стрели (Скочивир) се наоѓаат на десниот брег на Црна Река.

Градок, Манастир отпаѓа поради тоа што нема линк со значењето на зборот Пелагонија. Освен тоа не поседува впечатлив културен хоризонт од раната антика. Град Чебрен, Зовиќ исто така.

Висока поседува визуелна врска со Пелагонија и Еригон, од кој е оддалечена 8.2 км, 2 хектари *intra muros* површина и 11.8 хектари површина на долниот град на Старо Бонче. Потоа помала Северна некропола и голема Јужна некропола, владетелска (кралска ?) гробница на Павла Чука од 4 век пред н.е.

Кале, Долно Ореово, вон зоната лев брег на Еригон (Страбон), силен доцноантички и средновековен град, нема културен хоризонт од раната антика поради што во старт отпаѓа од кандидатурата.

Чепен, Брод, нема впечатлив културен хоризонт раноантичкиот период 5-4 век пред н.е. и од периодот 3 век пред н.е.-3 век н.е., поради што отпаѓа од кандидатурата.

Долиште, Прилепец, вон зоната: лев брег на Еригон (Страбон) од кого го дели високата Селечка планина, со богат раноантички културен хоризонт, мала *intra muros* површина од само 2 хектари (без околните предградија), подалеку од магистралниот пат, што секако ја диктирало малата *intra muros* градска површина, отпаѓа од кандидатурата.

Во текстот се вклучени и градот на Маркови Кули, Варош, претпоставена Керамие, иако неговата локација нема врска со левиот брег на Црна Река и воопшто поблиска контактна зона, што би влегла во поимот *левиоѿ бреѓ на Ериѓон* (Страбон), бидејќи се наоѓа на дистанцата 23 километри, мерено праволиниски до Градок, Чаниште. Имено, под терминот лев брег на Еригон, се смета контактната зона на Црна Река, од нејзиното корито до планинскиот срт на линијата Селечка Планина – Дрен Планина, а тоа значи дека градот кај Варош не може да влезе во кандидатурата за убикација на Пелагонија, проценето низ призмата на Страбоновата сентенца.

Според сите согледани елементи, единствени археолошки локалитети што ги задоволуваат сите критериуми за убикацијата на градот Пелагонија од Раната антика, целата антика и средниот век, се локалитетите на археолошкиот комплекс 18-19. Висока и Старо Бонче, Крушевица / Бонче.

**Кратенки**

**ГЗФФ** – Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје

**ЗТЗЗСКМБ** – Зборник на трудови на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола

**IG** – Inscriptiones Lyncestidis, Heracleae, Pelagoniae, Derriopi, Lychnidi, Sectio Prima, во: Inscriptiones Graecae, Epiri, Macedoniae, Thraciae, Scythiae, Vol. X, Inscriptiones Macedoniae pars II, Inscriptiones Macedoniae Septentrionalis fascicuclus I, Berolini, Novi Eboraci 1999.

**МАА** – Macedonia Acta Archaeologica, списание на Македонското Архео-лошко Научно Друштво

**МАНУ** – Македонска академија на Науките и Уметностите

**САНУ** – Српска академија наука и уметности

**УЗКН** – Управа за заштита на културното наследство при Министерството за култура

**Библиографија**

**Бабамова С., 2005.** – Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера, Скопје 2005.

**Бабиќ Б., – Китаноски Б., 1996.** - Археолошка карта на РепубликаМакедонија Том II, Скопје 1996, 282 (7. Бонче) , 306 -307 (64. Подмол).

**Buckhardt A., 1893.** Hieroclis Cynecdemus, Lipsiae 1893, 53: https://books.google.mk/books?id=jSuhLA16KMC&pg=PA49&source=gbs_toc_r&cad=4#v=onepage&q&f=false

**Василева М., 1993.** Некрополата од железно време кај с. Рапеш, МАА 13, Скопје 1993, 69-80.

**Vulić N., 1937.** - Arheološka istraživanja u Južnoj Srbiji. – Jugoslovenski istorijski časopis III/1-4, 1937, 611- 612.

**Vučković Todorović D., 1958.** Ostava grčkog novca iz s. Prilepec kod Prilepa, Glasnik, Музејско-конзерваторско друштво на Н. Р. Македонија вол I / Nr 12, Скопје 1958, 213-255

**Divković M.,1900. /reprint 1991.** - Latinsko-Hrvatski Rječnik, Zagreb 1900, Reprint Naprijed, Zagreb 1991.

**Dragojević-Josifovska B., 1982.** - Inscriptions de la Mésie Supérieure, Vol. VI, Scupi et la region de Kumanovo, Centre d'Études Épigraphiques et Numismatiques de la Faculté de Philosophie de lUniversité de Beograd, Beograd 1982.

**Gaebler H., 1935.** - Die antiken münzen von Makedonia und Paionia, Berlin 1935.

**Hammond N.G.L. & Walbank F. W., Vol. III, 1988.** A History of Macedonia, Vol. III (336-167 B.C.), Oxford 1988.

**Jakimovski A., 2011.** Macedonian Royal Tomb at Staro Bonche, Macedonian Heritage No. 38-39, Skopje 2011.

**Jakimovski A., 2012.** Das königliche makedonische Grab in der Nähe von Bonče, Folia archaeologica Balкanica II, Skopje 2012.

**Jakimovski A., 2014.** - **Das königliche Grab aus Staro Bonče,** The Clash of Cultures? The Celts and the Macedonian World, Manching 2014 (in print).;

**Jakimovski A., 2017.** Antique Cult Buildings from Staro Bonče, Giving Gifts to God, Кumanovo 2017, 129 – 135.

**Jakimovski A., Temelkoski D., 2018.** Complex of the Archaeological Sites of Staro Bonče, Folia archaeologica Balкanica IV, Skopje, 2018, 205 – 256.

**Јакимовски А., Темелкоски Д., 2019.** - **Археолошки локалитет Павла Чука**, Археолошки информатор 3, Прилеп 2019, 63–74.;

**Јакимовски А., Темелкоски Д., 2019.** Некрополите Долиште и Присои кај село Прилепец, Зброник на трудови 21, НУ завод и Музеј Битола 2019, 1-12.

**Јакимовски А., и други, 2020.** - **Археолошки локалитет Павла Чука**, Археолошки информатор број 4, Прилеп 2020, 21-31.;

**Јакимовски А., Темелкоски Д., 2021.** Истражувања на локалитетот Долиште кај село Прилепец во 2016 и 2017 година, Maced. acta archaeol. Број 24, Скопје 2021, 139-162.

**Jakimovski A., 2021.** Project Staro Bonče, Science and Society Contribution of Humanities and Social Sciences, Skopje 2021, 123-136.

**Јанакиевски Т., 1979.** - Археолошки комплекс Суводол, локалитет Керамидница и прашањето за убикација на античката населба Пелагонија, МАА 5, Скопје 1979.

**Јанакиевски Т., 1999.** - Прилог кон прашањето за убикација на градот Пелагонија, МАА 15 (1996-1997), Скопје 1999.

**Кепески К., 1975.** - Сондажни истражувања на дел од хеленистичката некропола под Марковите Кули во Варош, МАА 1, Прилеп 1975, 155-164.

**Кепески К., 1987.** – Монети на македонските кралеви во збирката на Прилепскиот музеј, МАА 7-8, Прилеп 1987, 41-63.

**Китаноски Б., 1975.** – Некрополата Калдрма кај Прилеп, МАА бр. 1, Прилеп 1975, 89-132.

**Кокић М., 1929.** - Античко насеље код села Прилепца, ГСНД V/2, Скопље 1929, 295-298.

**Лилчиќ (Адамс) В., 1996.** - Потрага по градот Пелагонија, центарот на Македонија Четврта, аписание Македонско Наследство / Macedonian Heritage, бр. 1, книгоиздателство Македонска Цивилизација, Скопје 1996, 36-44.

**Лилчиќ (Адамс) В., 2001.** - Македонскиот камен за боговите христијаните и за живот по животот, Македонска Цивилизација / издавач Јелена Маневска Лилчиќ, Скопје 2001.

**Лилчиќ (Адамс) В., 2002.** - Македонскиот камен за боговите христијаните и за живот по животот, Македонска Цивилизација / издавач Јелена Маневска Лилчиќ, Скопје 2002.

**Лилчиќ (Адамс) В., 2005.** - Δοστωνεον το κοινον, Македонско Наследство / Macedonian Heritage, бр. 25, книгоиздателство Македонска Цивилизација, Скопје 2005.

**Lilčić (Adams) V., 2006.** - An Attempt at Reconnaissance of the Town of Pelagonia, Homage to Milutin Garashanin, Belgrade 2006, 593-605.

**Лилчиќ (Адамс) В. 2006/б.** - Диоскурите и градот Пелагонија, Македонско Наследство бр. 28, Скопје 2006, 62-67.

**Лилчиќ В., Кебакоски Д.** –2006/в, Историјат на истражување и убицирање на античкиот и средновековен град Пелагонија, *Македонско наследство* 27, 22.

**Lilčić Adams V., 2007.** - Early Numismatic Finds from Three Pelagonian Towns, Scripta praehistorica in honorem Biba Teržan, Situla 44, Ljubljana 2007, 849-859 (резиме: Rani numizmaticki naodi od tri pelagonski grada 859-861).

**Лилчиќ (Адамс) В., 2009.** - Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија, Линкестида и Девриоп, книгоиздателство Македонска Цивилизација, Скопје 2009.

**Лилчиќ (Адамс) В., 2013.** - Македонија во доцната антика (археологија), во: Македонија, милениумски културно-историски факти, Том 2, Издавач Медиа Принт Македонија & Универзитет Евро-Балкан, Скопје 2013, 963-1032.

**Lilchikj Adams V.– Jakimovski A.** - 2015, *Visoka and Staro Bonce, Center of the kingdom of Pelagonia and the royal tomb of Pavla Cuka*, Skopje.

**Лилчиќ Адамс В. & Јакимовски А., 2016.** - Висока и Старо Бонче, (Центар на кралството Пелагонија и кралската гробница на Павла Чука), УЗКН, едиција Најзначајните вредности од областа на културното и природното наследство на Република Македонија, Скопје 2016, 1-42.

**Lilčić Adams V., 2018.** - Fanula Papazoglu's Research and the City of Pelagonia in the Light of Recent Discoveries, Serbian Academy of Sciences and Arts, Scientific Conferences, Volume CLXXIII, Department of Historical Sciences, Book 40, Students and Colleagues for Professor Fanoula Papazoglou, International Conference Belgrade, October 17-18, 2017, 53-77.

**Lilčić Adams, V., 2021.** T. Livii, Ab Urbe Condita XXXI. 28. 5 (Angustias Quae Ad Pelagoniam Sunt Mittit); XXXI. 22. 2-4 (Faucibus Ad Pelagoniam); XXXI. 34. 6 (Quod In Faucibus Pelagoniae Erat), Science and Society, Contribution of Humanities and social sciences, Proceedings of the International Conference on the occasion of the centennial anniversary of the Faculty of Philosophy (2-5 September Struga 2020), SS. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Philosophy, Skopje 2021, 137-157.

**Лилчиќ Адамс В., 2022.** Македонска Стратегија Пајонија, во: Пајонија и Пајонците, извори, историја, археологија, Филозофски факултет Скопје, Скопје 2022, 295-336.

**Мачкиќ П., Симоска Д., Трбуховиќ В., 1961**. - Ранохалштатска некропола на локалитету Сарај у Броду, Старинар Нова Серија књ. XI/1960, Београд 1961, 199-208.

**Месеснел Ф., 1937.** - Старохришћанска базилика у Суводолу код Битоља, Годишњак Музеја Јужне Србије, бр. 1, Скопље 1937, 69-96.

**Микулчиќ И., 1970.** - Непознат антички град кај Мојно, ГЗФФ бр. 22, Скопје 1970.

**Микулчиќ И., 1996.** - Средновековни градови и тврдини во Македонија, Македонска Цивилизација & МАНУ, Скопје 1996.

**Микулчиќ И., 1999.** - Антички градови во Македонија, МАНУ, Скопје 1999.

**I. Mikulčić, 2002.** - Spätantike und frühbyzantinische befestigungen in Nordmakedonien, München 2002.

**Miller K., 1916.** - Itineraria Romana, Römische reisewege an der hand der TabulaPeutingeriana, Stuttgart 1916.

**Миткоски А., 2010.** - Мариово во праисторијата, МАА, бр. 19, Скопје 2010.

**Mitkoski A, Bulatović A., Mikić I., 2016.** – Necropolis under tumulus at Veprčani, Старинар, LXVI, Београд 1916, 27-57.

**Papazoglou F., 1988.** - Les villes de Macédoine à l’époque romaine, Bulletin de correspondence hellénique, Supplément XVI, Paris 1988.

**Pfeffer W. Von, 1964.** - Neue Römische steinfunde aus Mainz, Mainzer Zeitschrift Mittelrheinisches Jahrbuch für Archäologie, Kunst und Geschichte, Jahrgang 59, Mainz 1964, No. 17.

**Sear D. R., 1974**. - Byzantine Coins and their Values, SEABY, London 1974.

**Талевски Х., 2014**, Прилеп милениумско пулсирање 1014-2014, поглавје: Рим во Северна Пелагонија, издавач општина Прилеп, Прилеп 2014, 49-66.

**Темелкоски Д. – Крстески В., 2019**, Монети на античко-македонските владетели во нумизматичката збирка на НУ Завод и Музеј – Прилеп, ЗТЗЗСКМБ бр. 22, Битола, 2019, 1-15.

**Томовски Т., 1967.** - Градиштето на средновековна Пелагонија, ЖА год. XVII/2, Скопје 1967.

**Toynbee M., 1996.** - Death and Burial in the Roman World, Baltimore and London 1996.

**Трифуноски Ф. Ј., 1998.** - Битољско-Прилепска котлина, Антропогеографска проучавања, САНУ, Српски Етнографски Зборник XCIX, Одделење друштвених наука, Насеља и порекло становништва књ. 45.

**Filipovska G., Srbinovski P., 1978.** - Two Medieval Settlements in the Bitola Area – Results of trial Works in the Field, Balcanoslavica No. 7, Prilep 1978.

**Honigmann E., 1939.** - Le Synecdèmos d'Hiéroclès et l'opuscule géographique de Georges de Chypre, Bruxelles 1939.

**Чаусидис Н., 1993.** - Неколку доцноантички градишта во Мариово, МАА бр. 13 (1992), Скопје 1993, 213-226.

**Шкриванић Г., 1974.** - Југословенске земље на Појтингеровој Табли, во: Monumenta Cartographica Jugoslaviae, Историјски институт, Посебна издања, vol. 17 / I, Belgrade 1974.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

711.424(497.784./.787)"-0168/-0148"
908:711.42(497.784./.787)"652"
908:711.42(497.784./.787)"637"
94(381:376)"652"

ЛИЛЧИЌ Адамс, Виктор

Убикација на античкиот град Пелагонија [Електронски извор] : (главен град на Кралството Пелагонија и Центар на четвртата македонска Мерида) /[автори Виктор Лилчиќ Адамс, Антонио Јакимовски]. - Скопје : Универзитет "Св. Кирил и Методиј"– Скопје, Филозофски факултет, 2025. - 170 стр. : илустр. ; 30 см

Начин на пристапување (URL):
https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/32582. - Текст во PDF формат, содржи 170 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 07.03.2025. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 163-170

ISBN 978-608-238-254-8

1. Јакимовски, Антонио [автор]
а) Градови -- Македонија, античка -- Четврта Мерида -- Историја -- 168-148 г.п.н.е б) Археологија -- Градови -- Пелагонија -- Антички период в) Археологија -- Градови -- Пелагонија -- Бронзено време г) Историја -- Македонија, античка -- Рим -- Антички период

COBISS.MK-ID 65444869

ISBN 978-608-238-254-8